# САМОЕВАЛУАЦИЈА
# 2018
# ООУ„КОЧО РАЦИН“ – СКОПЈЕ



**„ КОЧО РАЦИН ”**
**ЗА ПЕРИОДОТ 2016 – 2018 ГОДИНА**

## 1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето

**Самоевалуацијата** на училиштето е процес на систематско и континуирано следење,анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.
Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како го знаеме тоа?**
- **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

## 1.2. Цели на на самоевалуацијата

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.

- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.

- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти : директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.

- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.

- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.

- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.

- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.

- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.

- Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

### 1.3. Процес на самоевалуацијата




***Шематски приказ на процесот на самоевалуација***

**2.1. Идентификациони податоци на училиштето**

ООУ „Кочо Рацин“ е основно училиште во Општината Центар – Скопје, основано на 04.12.1944 година. Училиштето се наоѓа во населба Водно, на улица „Салвадор Аљенде“ број 2 во Општина Центар – Скопје.

Училишната зграда е од тврда градба градена етапно од 1936/1937 година до 1957 година кога е извршена доградба на училиштето. Во 1963 година се изградени спортски терени за кошарка, одбојка и ракомет. Училишната зграда се состои од приземје, кат и подрумски простории во новиот дел, приземје со училници во постариот дел и спортска сала во посебен објект. Училишната зграда се загрева со парно на централно греење.

Во училиштето учат ученици од прво до деветто одделение од реонот на училиштето во кој се опфатени децата од Водно, Капиштец, Тасино чешмиче и дел од населбата Црниче како и децата од ЈДУ Детски дом „11 Октомври“ – Скопје. На крајот од учебната 2017/2018 година учеа вкупно 699 ученици, од нив 343 се машки и 356 се женски ученици, во вкупно 26 паралелки од кои 15 паралелки во одделенска настава и 11 паралелки во предметна настава.

Во училиштето продолжен престој (целодневна настава) се реализира во 12 паралелки од I-IV одделение, а во петто одделение се реализира класична настава.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик.

Училиштето работи во **една смена**.

| **Име на училиштето** | ООУ "Кочо Рацин“ |
|---|---|
| **адреса, општина, место** | Салвадор Аљенде бр. 2 Скопје |
| **телефон** | 002 3 176 404 |
| **фах** | 002 3 177 577 |
| **е-маил** | косо_racin@yahoo.com |
| **Web страна** | www.kocoracin.edu.mk |
| **основано од** | 1945 |
| **Верификација- број на актот** | Решение бр. 15-2219 |
| **Година на верификација** | 26.06.1984 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски |
| **Година на изградба** | 1936/1937 година и доградба 1957 |
| **Тип на градба** | тврда |
| **Површина на објектот** | 3622м2. |
| **Површина на училишниот двор** | 4560 м2 |

| | |
|---|---|
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 2620 м2 |
| **Училиштето работи во смена** | прва |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно греење |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 26 |
| **Број на смени** | една |
| **Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | / |
| **Датум на добиен статус** | / |

Училиштето „Кочо Рацин“ е основно училиште во општината Центар – Скопје, основано на 4.12.1944год. од Народноослободителен одбор на Град Скопје под бр.869. Носител на основачките права е општината Центар и регистрирано е во централен регистар на РМ со ЕМБС 4061985 од 25.9.2012год. при промена на назив во општинско основно училиште со дел.бр.30120120029835. Училиштето се наоѓа во населба Водно на ул.Салвадор Аљенде бр.2 во Општина Центар – Скопје.

Дејноста на училиштето е верифицирано со Решение бр.15-2420/2 од 03.12.1983 година и работи според Статут бр.01-982/1 од 18.12.2009год. со добиена согласност од МОН бр.19-10508/2-09 од 5.3.2010го. и е усогласен со Законот за основно образование („Сл.Весник на Р.М.“бр.103/08 .

Статутот на училиштето има измени и дополнувања: прва статутарна одлука од Училишниот одбор бр.02-575/6 од 27.06.2011год. за што е добиена согласност од МОН со Решение бр.19-4233/2 од 28.7.2011год. Втора измена со Одлука на УО бр.02-286/4 од 21.03.2012год. за што има согласност од МОН Решение бр.19-2844/2 од 12.07.2012год. и трета Одлука за изменување и дополнување на Статутот бр.02-611/5 од 30.08.2013год. за што е побарано согласност од МОН бр.03-637/1 од 4.09.2013год.

**Училиштето располага со:**

- 15 училници,
- 9 кабинети,
- 1 ученичка лабораторија за техничко образование,
- библиотека
- 1 наставничка канцеларија,

- 4 канцеларии (директор, стручни соработници, секретар/домаќин и технички персонал),
- кујна со трепезарија
- 4 помошни простории за наставни средства и помагала,
- архива, работилница и просторија за технички персонал,
- 13 санитарни јазли,
- 1 фискултурна сала.
- Училишниот двор има 3 спортски терени (игралишта) и озеленета дворна површина со училишен парк.

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 2 (две) |
| **Број на подрачни училишта** | / |
| **Бруто површина** | 3622 |
| **Нето површина** | 3267 |
| **Број на спортски терени** | 3 |
| **Број на катови** | 2 |
| **Број на училници** | 25 |
| **Број на помошни простории** | 8 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно - централно |

## Број и структура на раководниот, стручниот, наставниот кадар и другиот вработен персонал во училиштето

## Наставен кадар

| Одделение | Вкупно | Етничка и полова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонц | | Албанц | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 62 | 6 | 55 | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| Број на наставен кадар | 46 | 2 | 43 | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| Број на стручни соработници | 3 | / | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Административни работници | 2 | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Техничка служба | 10 | 3 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Директор | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

## Степен на образование на вработени

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 48 |
| Виша стручна спрема | 4 |
| Средно образование | 2 |
| Основно образование | 8 |

## Старосна структура на вработени

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | / |
| 31-40 | 19 |
| 41-50 | 15 |
| 51-60 | 21 |
| 61 - пензија | 7 |

## Број и структура на раководниот, стручниот, наставниот кадар и другиот вработен персонал во училиштето

| **Раководен кадар** | | | |
|---|---|---|---|
| ***** | **Име и презиме** | **Работна позиција** | **Степен на образование** |
| 1 | Јовица Остојиќ | Директор | ВСС |
| **Стручни соработници** | | | |
| 1 | Сузана Камчева | Психолог | ВСС |
| 2 | Радмила Страшевска | Педагог | ВСС |
| 3 | Цвета Туневска | Библиотекар | ВСС |
| **Администрација** | | | |
| 1 | Жељка Јанкова | Секретар | ВСС |
| 2 | Стефаниа Шокларовска | Сметководител | ВШП |

## Одделенски наставници

| Реден број | Вид на настава | Име и презиме на наставник | Стручна спрема | Паралелка | Вкупно број часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Продолжен престој | Сузана Стојаноска | ВСС | Iа | 21 |
| 2. | Продолжен престој | Тања Поповска Грујовки | ВСС | | |
| 3. | Продолжен престој | Валентина Петровска | ВСС | Iб | 21 |
| 4. | Продолжен престој | Дијана Марковски | ВСС | | |
| 5. | Продолжен престој | Габриела Апостолска | ВСС | Iв | 21 |
| 6. | Продолжен престој | Ивана Петрова | ВСС | | |
| 7. | Продолжен престој | Билјана Билбилоска | ВСС | IIа | 21 |
| 8. | Продолжен престој | Даринка Петрова | ВСС | | |
| 9. | Продолжен престој | Александар Тошевски | ВСС | IIб | 21 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Продолжен престој | Ана Накова | ВСС | | |
| 11. | Продолжен престој | Елена Петровска Новаковска | ВСС | IIв | 21 |
| 12. | Продолжен престој | Наталија Петрова | ВСС | | |
| 13. | Продолжен престој | Пенка Чудо | ВСС | IIIа | 23 |
| 14. | Продолжен престој | Катерина Вукашиновски | ВСС | | |
| 15. | Продолжен престој | Лена Смилевска | ВШП | IIIб | 23 |
| 16. | Продолжен престој | Валентина Зафировска | ВСС | | |
| 17. | Продолжен престој | Светлана Симјаноска | ВСС | IIIв | 23 |
| 18. | Продолжен престој | Билјана Ивановски | ВСС | | |
| 19. | Продолжен престој | Марина Стојаноска | ВСС | IVа | 24 |
| 20. | Продолжен престој | Снежана С. Трајковска | ВСС | | |
| 21. | Продолжен престој | Душанка Димевска | ВШП | Ivб | 24 |
| 22. | Продолжен престој | Славица Силјановска | ВСС | | |
| 23. | Продолжен престој | Весна Мораитова | ВСС | Ivв | 24 |
| 24. | Продолжен престој | Виолета Лесанска | ВСС | | |
| 25. | Продолжен престој | Гордана Јаневска | ВСС | Vа | 20 |
| 26. | Продолжен престој | Билјана Денкова | ВСС | Vб | 20 |
| 27. | Продолжен престој | Гордана Богоевска | ВСС | Vв | 20 |

## Предметни наставници

| Реден број | Име и презиме | Предмет | Стручна спрема | Фонд на часови | Одделенски раководител | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Менка Трепалковска | Македонски јазик | ВСС | 20 | VI в | 21 |
| 2 | Славица Мирчевска | Македонски јазик | ВСС | 20 | IX б | 21 |
| 3 | Зорица Насевска | Математика | ВСС | 22 | IX а | 23 |
| 4 | Весна Бојаџиева | Математика | ВСС | 20 | VII б | 21 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Слаџана Елезовиќ | Информатика | ВСС | 9 | / | 9 |
| 6 | Цветанка Тасевска | Иновации | ВСС | 2 | / | 2 |
| 7 | Фросина Ќипровска | Англиски јазик | ВСС | 21 | / | 21 |
| 8 | Катерина Музелова | Англиски јазик | ВСС | 21 | VII в | 22 |
| 9 | Марина Пешевска (замена за Викторија Кузмановска) | Англиски јазик | ВСС | 20 | / | 20 |
| 10 | Мирјана Стојменовска | Германски јазик | ВСС | 22 | VI а | 23 |
| 11 | Катица М. Христовска | Физика, Математика, Природни науки | ВСС | 21 | VI б | 22 |
| 12 | Јасмина Апостолова | Хемија, Природни науки | ВСС | 20 | / | 20 |
| 13 | Марина Гроздановска | Географија | ВСС | 22 | VIII а | 23 |
| 14 | Марта Јордановска | Биологија | ВСС | 20 | / | 20 |
| 15 | Маргарита И. Павлова | Историја | ВСС | 22 | IX в | 23 |
| 16 | Бранка Димевска | Граѓанско образование, Историја | ВСС | 11 | / | 11 |
| 17 | Лилјана Перовска | Техничко образование | ВСС | 21 | VIII б | 22 |
| 18 | Наташа Д. Митрова | Музичко образование | ВСС | 21 | VII а | 22 |
| 19 | Снежана Шумковска | Ликовно образование | ВСС | 11 | / | 11 |
| 20 | Ирена Попова | Физичко и здравствено образование | ВСС | 14 | / | 14 |
| 21 | Горан Ѓорѓиевски | Физичко и здравствено образование | ВСС | 21 | / | 21 |
| 22 | Катица Лазовска | Англиски јазик | ВСС | 10 | / | 10 |
| 23 | Ружа Стојковиќ | Етика на елигии | ВСС | 6 | / | 6 |
| 24 | Радмила И. Стојановска | Македонски јазик | ВСС | 4 | / | 4 |
| 25 | Горица Бошкоска | Етика | ВСС | 3 | / | 3 |

## Наставници кои дополнуваа часови во други училишта

| Ред број | Наставник | Предмет | Основно училиште во кое дополнува часови | Стручна спрема | Број на часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ирена Попова | Физичко и здр. образование | ООУ „Коле Неделкоски“ | ВСС | 6 |
| 3 | Снежана Шумковска | Ликовно образование | ООУ „11 Октомври“ | ВСС | 12 |
| 4 | Цветанка Тасевска | Информатика | ООУ „Васил Главинов“ | ВСС | 9 |

## Наставници кои дополнуваа часови од други училишта во нашето училиште

| Ред број | Наставник | Предмет | Основно училиште од кое доаѓа | Стручна спрема | Број на часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Катица Лазовска | Англиски јазик | ООУ „11 Октомври“ | ВСС | 10 |
| 2 | Ружа Стојковиќ | Етика на елигии | ООУ „11 Октомври“ | ВСС | 6 |
| 3 | Бранка Димевска | Граѓанско образование и<br>Нашата татковина | ООУ „Јохан Х. Песталоци“ | ВСС | 5<br>6 |
| 4 | Радмила И. Стојановска | Македонски јазик | ООУ „Коле Неделковски“ | ВСС | 4 |
| 5 | Горица Бошкоска | Етика | ООУ Св. „Кирил и Методиј“ | ВСС | 3 |
| 6 | Слаѓана Елезовиќ | Информатика | ООУ„Гоце Делчев“ | ВСС | 9 |

## Технички персонал и останати вработени

| Реден број | Име и презиме | Занимање | Стручна спрема |
|---|---|---|---|
| 1 | Цвета Наковска | Домаќин | ССС |
| 2 | Надежда Аврамовска | Хигиеничар | ОО |
| 3 | Јагода Јанева | Хигиеничар | ОО |
| 4 | Анита Дашковска | Хигиеничар | ОО |
| 5 | Гордана Печијарева | Хигиеничар | ОО |
| 6 | Лазо Ѓорѓиевски | Хигиеничар | ОО |
| 7 | Сузана Алексовска | Хигиеничар | ОО |
| 8 | Соња Стојановска | Хигиеничар | ОО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9 | Зоран Милев | Хаус мајстор | ССС |
| 10 | Зоран Василев | Чувар | ОО |

## Ученици

| Одделение | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Бошњаци | | Власи | | Други | |
| | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **I** | 3 | 84 | 45 | 37 | / | / | / | / | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / |
| **II** | 3 | 92 | 50 | 40 | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | 1 | / | / |
| **III** | 3 | 93 | 43 | 45 | / | / | / | / | 1 | / | 1 | / | 1 | / | 1 | / | / | 1 |
| **IV** | 3 | 90 | 41 | 44 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **V** | 3 | 75 | 34 | 34 | / | 1 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | 1 | 4 |
| **I –V** | **15** | **434** | **213** | **200** | **/** | **2** | **/** | **/** | **3** | **1** | **2** | **/** | **1** | **/** | **2** | **2** | **2** | **6** |
| **VI** | 3 | 66 | 28 | 33 | / | / | 1 | / | / | 1 | / | / | 2 | / | 1 | / | / | / |
| **VII** | 3 | 71 | 26 | 41 | 1 | / | / | / | 1 | 1 | / | / | 1 | / | / | / | / | / |
| **VIII** | 3 | 74 | 31 | 40 | / | / | / | / | 1 | / | / | / | 1 | 1 | / | / | / | / |
| **IX** | 2 | 54 | 25 | 28 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VI – IX** | **11** | **265** | **110** | **142** | **1** | **/** | **1** | **1** | **2** | **2** | **/** | **/** | **4** | **1** | **1** | **/** | **/** | **/** |
| **I - IX** | **26** | **699** | **323** | **342** | **1** | **2** | **1** | **1** | **6** | **3** | **2** | **/** | **5** | **1** | **3** | **1** | **2** | **6** |

## Наставен јазик

| ***Наставен јазик*** | **Наставен јазик-македонски** | **Наставен јазик-албански** | **Наставен јазик-турски** | **Наставен јазик-српски** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на класови** | 26 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 699 | / | / | / |
| **Број на професори** | 46 | / | / | / |

## Извештај од самоевалуацијата на училиштето

Врз основа на Законот за основно образование – Консолидиран текст (Службен весник на РМ 145/2015) член 147, став 1, 2, 3, 4 и 5, училиштето на крајот на секоја втора наставна година спроведува Самоевалуација. Училишниот одбор по предлог на директорот на училиштето формира Училишна комисија составена од 5 (пет) члена од редот на наставниците и стручните соработници, и тоа:

1. Сузана Камчева – психолог
2. Габриела Апостолска, наставник
3. Марина Стојановска, наставник
4. Билјана Билбиловска, наставник
5. Моника Силјановска - родител

**Самоевалуацијата на крајот на наставната 2017-2018 година ги опфати следните подрачја:**

1. Организација на наставата и учењето
2. Постигања на учениците
3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар
4. Управување и раководење
5. Комуникации и односи со јавноста
6. Училишна клима и култура
7. Соработка со родителите и локалната средина

При спроведувањето на Самоевалуацијата, освен доказите – изворите на податоци дадени во секое подрачје, како извори на докази се користеа и анкетни прашалници за:

- Наставници (вкупно 44)
- Ученици (вкупно 147 )
- Родители и членови на Советот на родители (вкупно 139)

Анкетите за учениците се спроведоа во сите паралелки од 4 до 9 одделение;

Анкетите за родители се спроведоа во сите паралелки од 4 до 9 одделение;

Анкетниот прашалник за наставниците, учениците и родителите содржеа искази во кои беа наведени следните категории:

- Се согласувам
- Делумно се согласувам
- Не се согласувам

## Училишен тим за Самоевалуација

Во спроведувањето на Самоевалуацијата се формира училишен тим по подрачја, во следниот состав:

| УЧИЛИШНИ ТИМОВИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА 2018 | | |
|---|---|---|
| ***** | **Име и презиме на наставник** | **Тимови (членови на тимот и координатор на истиот)** |
| **1. Организација и реализација на наставата и учењето** | | |
| 1. | **Гордана Богоевска** | ***КООРДИНАТОР*** |
| 2. | Гордана Јаневска | член на тимот |
| 3. | Виолета Лесанска | член на тимот |
| 4. | Марта Јордановска | член на тимот |
| 5. | Маргарита И. Павлова | член на тимот |
| 6. | Снежана Трајковска | член на тимот |
| 7. | Фросина Ќипровска | член на тимот |
| **2. Постигања на учениците** | | |
| 1 | **Билјана Денкова** | ***КООРДИНАТОР*** |
| 2 | Весна Бојаџиева | член на тимот |
| 3 | Зорица Насевска | член на тимот |
| 4 | Душанка Димевска | член на тимот |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Александар Тошевски | член на тимот |
| 6 | Мирјана Стојменовска | член на тимот |
| 7 | Катерина Музелова | член на тимот |
| **3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** | | |
| 1 | **Весна Мораитова** | ***КООРДИНАТОР*** |
| 2 | Јасмина Апостолова | член на тимот |
| 3 | Менка Трепалковска | член на тимот |
| 4 | Валентина Петровска | член на тимот |
| 5 | Даринка Петрова | член на тимот |
| 6 | Катерина Вукашиновски | член на тимот |
| **4. Управување и раководење** | | |
| 1 | **Биљана Билбиловска** | ***КООРДИНАТОР*** |
| 2 | Сузана Стојановска | член на тимот |
| 3 | Ирена Попова | член на тимот |
| 4 | Пенка Чудо | член на тимот |
| 5 | Славица Мирчевска | член на тимот |
| 6 | Наталија Петрова | член на тимот |
| **5. Комуникации и односи со јавноста** | | |
| 1 | **Наташа Митрова** | ***КООРДИНАТОР*** |
| 2 | Снежана Шумковска | член на тимот |
| 3 | Славица Симјановска | член на тимот |
| 4 | Светлана Силјановска | член на тимот |
| 5 | Ивана Петрова | член на тимот |
| 6 | Марина Гроздановска | член на тимот |
| 7 | Дијана Марковски | член на тимот |
| **6. Училишна клима и култура** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Габриела Апостолска** | ***КООРДИНАТОР*** |
| 2 | Валентина Зафировска | член на тимот |
| 3 | Ана Накова | член на тимот |
| 4 | Тања П. Грујовски | член на тимот |
| 5 | Катица М. Христовска | член на тимот |
| 6 | Лилјана Перовска | член на тимот |
| **7. Соработка со родителите и со локалната средина** | | |
| 1 | **Марина Стојановска** | ***КООРДИНАТОР*** |
| 2 | Лена Смилевска | член на тимот |
| 3 | Горан Ѓорѓиевски | член на тимот |
| 4 | Марина Пешевска | член на тимот |
| 5 | Елена Новаковска | член на тимот |
| 6 | Билјана Ивановска | член на тимот |

**Училишна комисија за самоевалуација**

| **Ред..бр.** | **Име и презиме** | **Занимање** |
|---|---|---|
| 1. | Сузана Камчева | Психолог |
| 2. | Габриела Апостолска | Одделенски наставник |
| 3. | Марина Стојановска | Одделенски наставник |
| 4. | Билјана Билбиловска | Одделенски наставник |
| 5. | Моника Силјановска | Родител од редот на Советот на родители |

*Салвадор Аљенде 2, 1000 Скопје, Република Македонија*

*Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577 e-mail: koco_racin@yahoo.com www.kocoracin.edu.mk*


**Подрачје 1: Организација на наставата и учењето**

Ниво на евалуација : многу добро

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1. | Реализација на наставните планови и програми | а) Применувани наставни планови и програми<br>б) Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>в) Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>г) Избор на наставни предмети<br>д) Реализација на проширени програми |
| 2. | Квалитет на наставните планови и програми | а) Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>б) Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>в) Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>г) Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и Програми |
| 3. | Воннаставни активности | а) Обем и разновидност на планирани и реализирани воннаставни активности<br>б) Опфатеност на учениците со воннаставни активности.<br>в) Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |
| 4. | Планирање на наставниците | а) Подршка и следење на планирањата на наставниците |

| | | |
|---|---|---|
| | | б) Индивидуални планирања на наставниците<br>в) Размена на искуства и информации при планирањето<br>г) Распред на часови |
| 5. | Наставен процес | а) Наставни форми и методи и избор на задачи, активности, ресурси<br>б) Употреба на ИКТ во наставата<br>в) Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>г) Следење на наставниот процес<br>д) Интеграција на еколошкото образование |
| 6. | Искуства на учениците од учењето | а) Средина за учење<br>б) Атмосфера за учење<br>в) Поттикнување на учениците за превземање на одговорност<br>г) Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| 7. | Задоволувања на потребите на учениците од наставата | а) Идентификација на образовните потреби на учениците<br>б) Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| 8. | Оценување како дел од наставата | а) Училишна политика за оценување<br>б) Методи и форми на оценување<br>в) Известување на родителите за напредокот на учениците |

| **Реализација на наставните планови и програми**<br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Наставни планови и програми донесени од БРО<br>• Годишни – тематски планирања на наставниците<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Записници од родителски совети на училиштето<br>• Записници од родителски средби<br>• Записници од наставнички совети на училиштето и активите<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми | **а) Применувани наставни планови и програми**<br><br>ООУ „Кочо Рацин“ Скопје воспитно образовната работа ја остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Училиштето ги применува наставните планови и програми за деветгодишно основно образование за учениците од I-IX одделение кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Наставниците навремено се информираат за новините и измените во наставните планови и програми пред почетокот на учебната година од страна на стручната служба. Во училиштето изучувањето на предметите *математика, природни науки, физика, хемија и биологија* се релизира согласно адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Cambridge International Examination Centre).<br><br>**б) Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br><br>Информирањето на родителите за целите на наставните планови и програми се врши на родителска средба која се одржува на почетокот од учебната година, а информирањето на учениците за наставните планови и програми го вршат наставниците (одделенските раководители) на првиот наставен час.<br>Наставните планови и програми непосредно и постојано им се достапни на наставниците, на родителите и на учениците преку:<br>- давање на информации и поттикнување на дискусии за истите на родителските состаноци и Советот на родители, при што се добива повратна информација за наставните планови и програми;<br>- запознавање со Интернет страната на БРО на која се истакнати наставните планови и програми со нивните цели, активности и содржини. |

| | |
|---|---|
| • Покани за учество на семинари<br><br>• Извештаи од анкетирани родители на ученици<br><br>• Застапеност на изборните предмети по паралелки<br><br>• Дневници на паралелките<br><br>• Записници од работата на СУА | Наставниците за секоја учебна година изготвуваат Годишни /тематски планирања во кои се наведени наставните цели по критериуми и стандарди на оценување кој им го презентираат на родителите и учениците на родителски состанок на почетокот на учебната година. Оваа информација посебно се однесува за учениците од прво до трето одделение кога се врши описно оценување ,така што родителите и учениците се запознаваат со овие документи на почетокот на учебната година преку презентирање на родителските состаноци. Со помош на овие информации родителите подобро ќе знаат што треба нивните деца да постигнат и ќе можат тоа да го споредат со описното оценување од евидетните листови .<br><br>Според реализираното истражување **89,80%** од учениците и **81,29%** од родителите сметаат дека училиштето навремено ги информира учениците и родителите за наставните планови и програми што се реализираат.<br>Училиштето ги информира учениците и родителите и преку брошура со делови од програмата за работа и организацијата на работата во училиштето<br><br>**в) Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br><br>Училиштето посветува особено внимание на инклузијата на децата со посебни образовни потреби, особено преку реализацијата на проектот ,,Инклузивно училиште”.<br>Во учебната 2017/2018 година во училиштето учат вкупно 12 ученици со посебни образовни потреби (со медицинска белешка), кои се вклучени во редовната настава.<br>Истите се идентификувани од страна на наставниците и стручните соработници. Се изготвуваа индивидуални образовни планови (ИОП) за работа со деца со посебни образовни потреби.<br>Најголем број од наставниците работат со деца со ПОП според прилагодени наставни програми,што може да се види од реализираното истаражување каде **65.90 %** од наставниците сметаат дека изготвуваат наставни програми за деца со ПОП според адаптирани наставни цели по наставните предмети , во соработка со стручните соработници , општинските дефектолози и родителите.<br>Диференцираниот пристап е карактеристичен при работа со децата со посебни образовни потреби. |

| | |
|---|---|
| | Од страна на општина Центар, во работата со учениците со ПОП, се вклучија и работат два дефектолози, а во учебната 2017/2018 година за пет ученици обезбеди лични асистенти.<br><br>**г) Избор на наставни предмети**<br><br>Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го вршат учениците во согласност со нивниот интерес и родителите. Но при изборот на предметите од листата на изборни предмети што се нудат за избор на анкетните листови за учениците од IV,V, VI, VII, VIII и IX одделение одлучувачка е улогата на училиштето.<br><br>**д) Реализација на проширени програми**<br>Во училиштето се реализира проширена програма. Во рамките на проширената програма се реализира организирано прифаќање и згрижување на учениците 2 часа по завршувањето на редовната настава. Во училиштето се реализира и продолжен престој. Продолжениот престој се остварува во 12 хомогени паралелки за учениците од I до IV одделение, а за учениците од петто одделение се реализира класична настава.<br>Вклучувањето на учениците во продолжен престој е во согласност со родителот, а почитувајќи ги притоа можностите и потребите на учениците. |

| **1.2. Квалитет на наставните планови и програми**<br><br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Стручни Активи<br><br>• Нормативни акти на училиштето<br><br>• Разговор со наставници – родители<br><br>• Записници од активи на наставници<br><br>• Записници од наставнички совет<br><br>• Интревју со директор<br><br>• Анкети со наставници, родители и ученици | **1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br><br>Родовата перспектива во образованието претставува позитивна, афирмативна акција со која се обезбедуваат услови за порамноправно, поуспешно и поефективно образование за сите. Родово-инклузивен курикулум незначи само постигнување на родова рамноправност во училиштата, туку и обезбедување на родово сензитивни наставни содржини. Еден дел од овие наставни содржини училиштето ги планира и реализира во програмата за часот на одделенската заедница според програмата Образование за животни вештини и преку реализацита на активности во рамките на проектот МИО.<br>Наставните планови и програми преку наставни содржини и поставените цели позитивно допринесуваат за развој на личниот и општествениот развој на учениците без разлика на родовата и етничката припадност со ставање акцент на: јакнење на самодовербата , секојдневна соработка, меѓусебно договарање, разрешување на конфликтите на најсоодветен начин.<br>Темите кои се изучуваат се обработуаат како дебати и дискусии со што им се дава поголема можност на учениците од различна етничка и верска припадност и различен економски и социјален статус да го искажуваат своето размислување, своите ставови, своите традиционални вредности , а на наставникот му се дава можност директно да го набљудува ученикот и да го насочува кон препознавање на родовиот и етничкиот концепт и постигнување на етничка и родова рамноправност. На овој начин учениците искуствено учат да ги почитуваат разликите без предрасуди и омаловажување на соговорникот и ќе ги надминат етничките стереотипи. |

| | |
|---|---|
| • Програма со системска промена добиена од БРО, во согласност со МОН<br><br>• Брошури | **1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br>При изработката на Годишните наставни програми по предмети и при изработката на Годишната програма на училиштето, акцент се става на интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала.<br>Реализацијата на овие интеграции се врши со посета на научни, производствени и образовни институции: музеи, библиотеки, посета на археолошки локалитети, производствени погони во фабрики, посета на просториите во општина Центар и др. Сите овие активности придонесуваат за да можат учениците практично да ги осознаат новите содржини и поими .<br>Училиштето соработува со МВР – преку реализација на предавања од страна на сообраќајната полиција за правилно и безбедно движење во сообраќајот.<br>Училиштето соработува и со Здравствени установи преку презентации на стручни лица во врска со чување на здравјето, со цел развивање на здрави навики за одржувањето на хигиената,исхраната, предавања за промени во пубертетот кај женската популацација од шесто одделение.<br>Од страна на стоматолошката амбуланта „Идадија“ се вршат редовни систематскипрегледи на забите,залевање,какои работилници на разни теми.<br>Во соработка со поликлиниката „Бит Пазар“се вршат систематски прегледи и редовна имунизација.<br>Последните две учебни години од страна на општината Центар, се вршат прегледи на учениците од прво и второ одделение за утврдување деформитети на рбетот.<br>Во учебната 2017/2018 година, преку проект од Заводот за рехабилитација-Козле и Министерството за здравство , се извшија прегледи на деформитети на рбетот кај учениците од шесто до деветто одделение. За учениците кај кои се утврдија деформитети им се овозможи бесплатна терапија во Заводот. |

### 1.2.3. Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието

Меѓупредметните цели се застапени во поголем дел од наставните програми. Наставниците добиваат насоки од стручните соработници според кои ќе се врши интегрирањето на меѓупредметни цели во планирањата на наставниците. Во планот и програмата за работа на одделенските часови планирани се содржини од областа на здравственото воспитување кои овозможуваат стекнување на информации за здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците за здрав начин на живеење, се дискутира за успех, редовност, дисциплина, екологија и други теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат за нивната возраст.

Поголем број наставници ги почитуваат тие насоки и преземаат одговорност за реализација на меѓупредметните цели.

### 1.2.4. Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми

Наставниците имаат можност за модификација на наставните планови и програми преку перманентно стручно усовршување и преку примена на активните методи и техники на учење кои го потикнуваат критичкото мислење на учениците. Наставниците имаат разгледувано можност за промена на плановите и програмите, но за тоа не е покрената иницијатива до МОН и БРО.

Од спроведеното истражување **81,80 %** од наставниците и 66,91% од родителите се изјаснија дека постоечкиот наставен план и наставни програми одобрени од МОН треба да претрпат одредени промени во однос на обемот и содржините

| **1.3. Вонаставни активности**<br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Разговор со директорот<br><br>•Разговор со ученици, наставници и родители<br><br>•Педагошка евиденција и документација<br><br>•Годишна програма за работа на училиштето<br><br>•Полугодишен и годишен Извештајод работата на училиштето<br><br>•Програма за дополнителна и додатна настава<br><br>•Дипломи<br><br>•Пофалници<br><br>•Благодарници | **1.3.1. Обем и разновидност на планирани и реализирани воннаставни активности**<br>Училиштето планира и реализира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој.<br>Воннаставните активности кои се реализираат во нашето училиште се: секции – млади математичари, литературна секција, рецитаторска-драмска секција, секција по англиски јазик, млади биолози, млади физичари, млади хемичари, географска секција, историска секција, хор, оркестар, ликовна секција, спортска секција за повеќе дисциплони:кошарка,фудбал,ракомет.<br>За сите воннаставни активности постои план и програма според кои тие се реализираат , како и инструменти за следење на реализацијата на слободните активности на учениците.<br>Според реализираното истражување **63,30%** од учениците сметаат дека училиштето нуди интересни воннаставни и вонучилишни активности кои се планираат и реализираат и целосно се прилагодени на потребите и интересите на учениците.<br><br>**1.3.2. Опфатеност на учениците со воннаставни активности**.<br>За развивање на различните интереси на учениците во основното училиште функционираат повеќе секции кои што се дадени во Годишната програма за работа. Голем број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој, без оглед на нивната етничка и верска припадност , нивниот економски и социјален статус, а во согласност со интересите, способностите , мотивацијата на учениците и можностите и условите на училиштето.<br>Наставниот кадар ги идентификува образовните потреби на учениците и според тоа тие ги планираат и реализираат воннаставните активности во кои се вклучуваат учениците кои ја совладуваат програмата и чувствуваат потреба за проширување на своите знаења, односно ученици кои ќе се подготвуваат за општински, регионални и републички натпревари. |

| | |
|---|---|
| •Анкета<br><br>•Web страна на училиштето<br><br>•Разговор со стручна служба | Училиштето и наставниците даваат голема подршка на учениците за учество во разновидни манифестации и воннаставни активности. Доказ за тоа се резултатите од спроведената анкета според кои **51,12%** од родителите ,**77,60%** од учениците и **100%** од наставниците сметаат дека учеството на учениците во воннаставните активности и манифестации е со подршка од училиштето и наставниците.<br><br>**1.3.3. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**<br>Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на општинско,регионално и државно ниво, како и на на меѓународно ниво (приредби по повод православни празници: Божиќ, Велигден, масканбал по повод Денот на шегата, прием на првачињата во Детската организација, Ден на црвен крст, Детска недела, манифестации по разни поводи....<br>Придобивките од воннаставните активности се многубројни: соработка, другарување, лична надоградба и усовршување во одредена област, зголемување на самодовербата и натпреварувачкиот дух на учениците, стекнување на дипломи и благодарници за вложен труд и постигнати резултати.<br>Училиштето планира и реализира ученички екскурзии и излети како една од формите на вонаставна активност. При планирањето и подготовката на истите училиштето доследно ги почитува одредбите од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта. |

| **1.4. Планирање на наставниците**<br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Годишни, тематски планирања и дневна подготовка (Проверка на навременоста на изготвување на годишните планирања, проверка на навременоста на реализирање на тематските планирања);<br><br>• Разговор со директор, стручна служба, наставници;<br>• Записници од состаноците на стручните активи; | **1.4.1. Подршка и следење на планирањата на наставниците**<br>Училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањато на наставата. Планирањата се прибираат и разгледуваат од стручните соработници и директорот непосредно пред почетокот на учебната година. Училиштето има изготвени инструменти за следење на тематските планирања на наставниците. Истите редовно и ситематски се водат, а наодите од следењето се применуваат за подобрување на квалитетот на планирањата. Од страна на стручните соработници и директорот се следи и квалитетот на дневните планирања на наставниците преку инструмент за проверка на дневната подготовка. Во инструментот се следи опфатот на сите неопходни елементи што треба да бидат испланирани како предуслов за успешна реализација на часот. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и/или стручната служба.<br><br>**1.4.2. Индивидуални планирања на наставниците**<br>Наставниците редовно и навремено ги изготвуваат Годишни планирања во согласност со наставниот план и наставните програми донесени од БРО. Сите наставниците редовно изготвуваат тематски планирања и дневни подготовки за наставните единици. Планирањата на наставниците содржат:<br>-цели на учењето;<br>-активности на часовите-интерактивни форми и методи;<br>-очекувани резултати од учењето;<br>-избор на задачи во текот на часот како и задачи за домашна работа;<br>-проверка на постигањата на учениците , констатации / евалуација на реализиран час<br>-Најголем број од наставниците во своите планирања наведуваат кои наставни содржини ќе ги реализираат со примена на ИКТ во наставата.<br>Најголем број наставници ги имаат испланирано основните неопходни елементи за успешна |

| | |
|---|---|
| | организација и реализација на часот.<br>Најголем број наставници во планирањата имаат вметнато содржини кои ќе се реализираат со примена на ИКТ.<br>Најголем број од наставници по реализирањето на часот и/или тематската целина не ги бележат согледувањата од реализацијата а кои се битен елемент за подобрување на наставниот процес и квалитетот на планирањата. Освен за наставните предмети наставниците изготвуваат годишно планирање за одделенскиот час, воннаставни активности, дополнителна и додатна настава. За наставниците приправници, менторите изготвуваат програма за работа.<br><br>**1.4.3. Размена на искуства и информации при планирањето**<br>Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамките на стручните активи, со поддршка од стручните соработници.<br>Распоредот на часови се изготвува од страна на наставници ,педагогот или психолог, почитувајќи го притоа најдобриот интерес на ученикот. |

| **<u>1.5. Наставен процес</u>**<br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Инструмент за следење на плани- рањата и подготовката на наставни-от час;<br><br>• Инструмент за следење на изведбата на наставниот час; | **<u>1.5.1. Наставни форми и методи</u>**<br>Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи што соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење.Истотака најголем број од наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа одобрени учебници,стручна литература, интернет (web страната на БРО и други web страни поврзани со образованието),училишна библиотека цртежи,слики,нагледни средства ,материјал и алати за |

| | |
|---|---|
| • Инструмент за следење на водењето и текот на наставниот час;<br><br>• Посета на час;<br><br>• Годишни, тематски, дневни планирања;<br><br>• Годишна програма за работа на директор и педагог;<br><br>• Интервјуа со наставници и ученици;<br><br>• Сертификација на наставници;<br><br>• Прашалник за наставници<br><br>• Прашалник за ученици<br><br>• Прашалник за родители | практична настава за учениците од стручното образование, што може да се види од спроведената анкета во која **95.40%** се изјасниле дека на часовите внесувааат иновации и применуваат различни форми, методи,техники, ИКТ и ресурси за успешна реализација на наставните содржини.<br><br>Наставниците ги планираат задачите и активностите кои треба да се реализираат во училиштето или како домашна работа, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата.<br><br>**<u>1.5.2. Употреба на ИКТ во наставата</u>**<br>Во Годишните планирања најголем број на наставници имаат планирано реализација на наставни содржини со примена на ИКТ.<br>Поради нефункционалноста на ИКТ опремата и нередовната достапност на интернет конекција, наставниците се соочуваат со потешкотии во реализација на планираните содржини со примена на ИКТ.<br>Училиштето има сертификат за поседување систем за заштита од напон на допир на електричната инсталација наменета за напојување со електрична енергија на комјутерите.<br>Училиштето има изготвено и Кодекс за заштита на компјутерите во училиштето.<br><br>**<u>1.5.3. Интеракција меѓу наставниците и учениците</u>**<br>Наставниците применуваат различни форми на интеракција со учениците со што се поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата и тоа:<br>• запознавање на учениците со целите на учењето во текот на часот;<br>индивидуална работа ;<br>• работа во групи ;<br>• кооперативно учење и истражување;<br>• резимирање на знаењата стекнати во текот на часот /очекувани резултати од учењето;<br>• дискусии , дебати и реализација на проекти што се во насока на промовирање на |

| | |
|---|---|
| | учењето.<br><br>Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните резултати од учењето. Поголем број на ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и воглавно нивниот придонес се почитува. Наставниците ја користат пофалбата кога тоа е соодветно како начин за да ги мотивираат учениците за поголеми постигања. Учењето во училницата е активно и динамично и на часовите има работна атмосфера кај поголем број наставници.<br><br>**1.5.5. Следење на наставниот процес**<br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес и тоа со:<br>• увид во годишните планирања на наставата , тематските и дневните подготовки;<br>• посета на часови<br>• евидентни листи за набљудување при реализација на час<br><br>Секој наставник се посетува на час еднаш во текот на едно полугодие од директорот и/или стручните соработници, а наставниците приправници двапати а по потреба и почесто. Наодите од следењето се применуваат сисематски за подобрување на наставниот процес.<br><br>**1.5.6. Интеграција на еколошкото образование**<br>Во училиштето се реализира ЕКО проектот според пропишаната динамика од Годишната програма. Вработените се обучени за интегрирање на еколошки содржини во наставата. Најголем број на наставници имаат планирано реализација на еко содржини. Училиштето има изготвено Програма и План на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти. При реализација на еколошката програма вклученоста на учениците е голема.Во програмата опфатени се четири ЕКО – стандарди: уреден и еколошки двор, одржување на училишната зграда и здрава средина во училиштето, заштеда на енергија, заштеда на вода со 14 точки на акција.<br>Од проектор „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ , училиштето има изготвено: план и програма за работа со дефинирани цели, методи, форми, средства и постапки за |

| | |
|---|---|
| | нивна реализација, формиран е еко одбор, соработка со медиуми за промовирање на еколошките активности на училиштето, изготвен е еко кодекс, лого на проектот, еко химна и еко билтен. Редовно се водат записници од одржаните состаноци и извештаи од одржаните акции. Во училиштето се реализирани и повеќе еколошки акции. |

| **1.6. Искуства на учениците од учењето**<br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Прашалник за ученици<br>• Прашалник за родители<br>• Прашалник за наставници<br>• Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците<br>• Кодекс за однесување | **1.6.1.Средина за учење**<br>Најголем дел од учениците го доживуваат училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина што поттикнува интерес за учење. Во училниците има изложени трудови на учениците, естетски обликувани и усогласени со целите на наставата и учењето. Има изложени трудови на видни и соодветни места и низ ходниците на училиштето.<br>**1.6.2.Атмосфера за учење**<br>Учениците се задоволни што учат во училиштето. Сметат дека почесто се учи на интересен начин. За време на часот, поголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат. Најголем дел од наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.<br>**1.6.3.Поттикнување на учениците за превземање на одговорност**<br>Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и да преземаат одговорност при решавањето на проблемите поврзани со учењето во и надвор од наставата |

| | |
|---|---|
| | **1.6.4.Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**<br><br>Најголем број на ученици сметаат дека соработката со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата,во групи со различен состав и големина. Соработка меѓу наставниците и учениците е добра. Поголем број од возрасните во училиштето комуницираат и се отворени за соработка со нив. |

| **1.7.Задоволување на потребите на учениците**<br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Прашалник за ученици<br>• Прашалник за родители<br>• Прашалник за наставници<br>• Разговор со ученичката заедница, наставниците<br>• Увид во евиденцијата на стручната служба<br>• Дневници за одделенска и предметна настава<br>• Годишна програма за работа на директор и педагог<br>• Годишен извештај за работата на училиштето | **1.7.1.Идентификација на образовните потреби на учениците**<br><br>Наставниот кадар во соработка со стручните соработници систематски ги идентификуваат учениците кои имаат потешкотии во учењето, ги идентификуваат образовните потреби како и и пречки во процесот на учење на учениците и преземаат активности за нивно остварување, односно отстранување.<br><br>**1.7.2.Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br><br>Наставниците преземаат одговорност и го прилагодуваат учењето во функција на задоволување на индивидуалните образовни потреби на секој ученик. Со тоа се охрабруваат и поттикнуваат и послабите ученици да учат и да го достигнат својот максимум. |

| **1.8.Оценувањето како дел од наставата**<br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Програма за работа на училиштето;<br>• Стандарди за оценување;<br>• Увид во педагошка евиденција и документација;<br>• Користени инструменти за оценување(тестови на знаење, бодовни листи, чек листи);<br>• Примери на оценети ученички трудови;<br>• Прашалници за ученици и наставници;<br>• Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>• Листи за следење и вреднување на работата наставникот за оценувањето на постигањата на учениците. | **1.8.1.Училишна политика за оценување**<br>Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците.Критериумот на оценување на постигањата на учениците е според стандардите за оценување со кои учениците запознаени по повеќето наставни предмети.<br>**1.8.2.Методи и форми на оценување**<br>Најголем број на наставници користат разновидни методи за оценување. Најчесто застапени се тестовите на знаење на крајот од наставните теми. Се применуваат и чек листи за оценување на постигањата на учениците по теми, наставно ливче, усна повратна информација, меѓусебно оценување на учениците според претходно подготве клуч од страна на наставникот. Оценката е сумативна од сите компоненти. Според искажувањата на учениците најчесто оценувањето е јавно и транспарентно. Сите наставниците за учениците од прво до трето одделение водат ученичко портфолио во кое систематски се следат постигањата за секој ученик во текот на учебната година.<br><br>Учениците редовно добиваат повратна информација од наставниците за нивните постигања и насоки и напатствија за нивно подобрување.<br>**1.8.3.Известување за напредокот на учениците**<br>Училиштето има процедури за известување на родителите за напредокот на нивните деца и истите добро ги применува. Информациите за успехот на учениците родителите ги добиваат на родителски средби. Успехот на родителите им се соопштува преку евидентни листови за секој ученик одделно. Училиштето обрнува внимание на информирањето на родителите при изрекување на педагошки мерки, а функционира и Советувањето на родители согласно со закон. Изработен е распоред за приемни денови на наставниците за средби со родители. Истиот е истакнат на видно место во училиштето и се почитува од страна на наставниците. По потреба, наставниците остваруваат и неформални средби со родителите |

**Клучни јаки страни:**

- Годишните /тематски планирања и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно сработени.
- Примена на иновации и современи методи и техники за успешна реализација на наставните содржини.
- Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.
- Успешна реализација на слободните ученички активности
- Учество на многубројни натпревари каде учениците се докажале каде освоиле бројни награди на градски, општински и државни натпревари.
- Примена на различни форми и методи за оценување на постигањата на учениците.
- Позитивен и професионален однос од страна на наставниците кон учениците и родителите
- Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување

**Слаби страни:**

- Наставниците и стручните соработници имааат дополнителна потреба од човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби.
- Поради нефункционалноста на ИКТ опремата и нередовната достапност на интернет конекција, наставниците се соочуваат со потешкотии во реализација на планираните содржини со примена на ИКТ.
- Училиштето делумно е опремено со современи нагледни и наставни средства за за рализација на квалитетна настава

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Да се обезбедат човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби.
- Да се обезбедат современи нагледни и наставни средства за рализација на квалитетна настава

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Ниво на евалуација : многу добро**

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигања на учениците | 2.1.1. Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, според наставни предмети,квалификациони периоди<br>2.1.2. Подобрување на постигања на учениците од различен пол,етничка припадност<br>2.1.3. Идентификација на учениците со потешкотии во учењето,на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>2.1.4. Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>2.1.5. Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование |
| 2.2 | Задржување / осипување на учениците | 2.2.1 Опфат на ученици<br>2.2.2. Редовност во наставата<br>2.2.3. Осипување на учениците<br>2.2.4.Преминување на учениците од едно училиште во друго |
| 2.3 | Повторување на учениците | 2.3.1. Ученици кои не ја завршиле годината |
| 2.4 | Известување за напредокот на учениците | 2.4.1. Известување на родителите за напредокот на учениците<br>2.4.2. Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>2.4.3. Промовирање на постигањата |

| **2.1 Постигања на учениците**<br><br>**Ниво на евалуација -многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Дневник на паралелките<br>• Евидентни листови за успех и поведение<br>• Прегледи за успех од тромесечие<br>• Записници од Наставнички совет и одделенски совети<br>• Записници од стручни активи<br>• Анкети со наставници , родители и ученици<br>• Годишна програма за работа и Извештај за работа на училиштето<br>• Извештаи од стручна служба<br>• Споредбени прегледи од резултати од оценувањето<br>• Разговор со стручна служба<br>• Програма за додатна и дополнителна настава | **2.1.1. Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, според наставни предмети,квалификациони периоди**<br><br>Училиштето промовира уверување дека учениците без разлика на етичка и верска припадност и економскиот и социјалниот статус покажуваат резултати според своите можности и способности.<br>Увидот за напредокот во постигањата може да се види од изготвените табели на периодични,полугодишни и годишни извештаи.Училиштето ги промовира еднаквите можности на сите ученици и го активира потенцијалот за постигнување на максимални резултати во рамките на изјавата од мисија и визија на училиштето кои се достапни и видливи за сите ученици ,родители, наставници и пошироka заедница.<br>Подобрувањето на постигањата на учениците се поттикнува со формативното оценување .Исто така се поттикнува учениците преку реализацијата на дополнителна и додатната настава која се реализира според предходно изготвен распоред и според потребите на секој ученик и во корелација со одделенските и предметните наставници.Родителите имаат можност да го користат Е-дневникот за да се информираат за успехот, постигањата и редовното посетување на наставата на нивните деца .<br>Доколку учениците покажат намалување на успехот и несоодветно однесување и подолго отсуство од наставата, нивните родители се повикуваат на консултативен разговор , ако и тоа не вроди со плод ,тогаш родителите се упатуваат на советување. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето располага со компаративна анализа на постигањата на учениците за 3 учебни години. Направени се сеопфатни анализи на постигањата по класификациони периоди, наставни предмети, пол, одделенија, анализа на постигањата на исти ученици од четврто до деветo одделение .<br><br>Се изработуваат прегледи за успехот по пол и етичка припадност но бидејќи бројот на ученици од други етички заедници е незначителен и нивниот успех не влијае на општиот успех на училиштето<br><br>Анализата од спроведената анкета со родителите ги покажува следните резултати: Наставниците превземаат конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност и социјално потекло родителите се изјасниле на следниот начин **77,70% се согласувам, 17,27% делумно се согласувам, 5,04% не се согласувам.** Родителите се изјасниле дека редовно го користат Е-дневникот за да се информираат за наставните содржини, успехот и присуството на наставата на нивното дете **69,78% се согласувам, 18,71% делумно се согласувам, 11,51% не се согласувам.**<br>Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати:**97,70% се согласувам, 2,30% делумно се согласувам, 0% не се согласувам** дека наставниците превземаат конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност.<br>Анализата од спроведената анкета со учениците ги покажува следните резултати: Од наставниците добивам помош и совети за подобар успех во учењето без разлика на полот, етничка припадност и социјално потекло учениците се изјасниле на следниот начин **87,80% се согласувам, 10,20% делумно се согласувам, 2,00% не се согласувам.** |

**- Споредбени податоци за постигнување на учениците од претходните учебни години во истиот период**

| Учебна година | Среден успех |
|---|---|
| 2015/2016 | 4,83 |
| 2016/2017 | 4,90 |
| 2017/2018 | 4,94 |

**2.1.2. Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарени и на ученици со посебни образовни потреби**

Учениците со потешкотии во учењето, учениците со посебни потреби се идетификуваат, а нивниот напредок се следи континуирано и систематски од страна на одделенските наставници, одделенските раководители, предметните наставници и стручните соработници. Се води ученичко досие кое содржи податоци за интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците. Училиштето има процедура за следење и изработка на индивидуален образовен план за учениците со посебни потреби спроведувана од наставниците и стручната служба.Анализата од спроведената анкета со родителите ги покажува следните резултати: наставниците им даваат поддршка и можности за напредок на учениците со посебни образовни потреби (со потешкотии и надарени ) родителите се изјасниле на следниот начин: **71,22% се согласувам,19,42% делумно се согласувам,9,35%-не се согласувам.**

Наставникот го следи напредокот на учениците со потешкотии во учењето и дава поддршка со избирање на активности соодветни на нивните можности наставниците се изјасниле на следниот начин: **90,90% се согласувам, 9,10% делумно се согласувам, 0% не се согласувам.**

*Салвадор Аљенде 2, 1000 Скопје, Република Македонија*
*Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577 e-mail: koco_racin@yahoo.com www.kocoracin.edu.mk*

### 2.1.3. Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава

Во текот на целата учебна година училиштето реализира дополнителна настава за што се изготвува распоред и истиот е истакнат на информативното катче за родители. Исто така училиштето реализира додатна настава во текот на целата учебна година со изготвен распоред за ученици кои покажуваат значителни резултати во определени области. Од дополнителната настава кај учениците се подобрува успехот. А во додатната настава учениците кои посебно се истакнуваат се спремаат за учество на натпревари. Нашето училиште учествува во натпреварите кои се организираат по одредени предмети и резултатите се на високо ниво со добиени награди на први места.

Анализата од спроведената анкета со родителите ги покажува следните резултати:

-Организацијата на дополнителната настава влијае за подобрување на успехот на учениците родителите се изјасниле на следниот начин: **66,19% се согласувам,23,74% делумно се согласувам,10,07%не се согласувам.** Организацијата на додатна настава влијае за проширување на знаењето на учениците родителите се изјасниле на следниот начин: **60,43% се согласувам,25,18% делумно се согласувам14,39% не се согласувам. .**Континуирано сум информиран за постигањата на моето дете родителите се изјасниле на следниот начин: **84,89% се согласувам, 10,79%делумно се согласувам, 4,32% не се согласувам.**

Анализата од спроведената анкета со наставници ги покажува следните резултати: наставниците се консултираат со стручните соработници за подобрување на постигањата на учениците наставниците се изјаснија на следниот начин:**77,20% се согласувам,20,40% делумно се согласувам, 2,40% не се согласувам**.

| | |
|---|---|
| | **2.1.4. Следење на постигањата на учениците**<br><br>Училиштето не располага со податоци за постигањата на учениците според полот по сите наставни предмети.Следењето на постигањата на учениците е континуирано и разработено во компаративните анализи од еден во друг циклус на образование во училиштето.<br>Преку сеопфатниот увид во постигањата на учениците проверени преку интерни тестирања, училиштето планира и превзема активности за подобрување на постигањата на учениците.<br><br>***2**.1.5.Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование*<br><br>Училиштето континуирано го следи напредокот на учениците од петто во шесто одделение. Но при премин на учениците во средно образование, во последните две години училиштето не располага со податоци за запишување. Во текот на април и мај средните училишта вршат организирани презентации за деветтоделенците, а во месец мај се реализира отворени денови на средни училишта. Целите за превземање на овие активности се во интерес на учениците како би извршиле правилен избор на понатамошното образование и да направат разлика помеѓу фантазијата и реалниот избор на идното занимање.<br>Целите за превземање на овие активности се во интерес на учениците како би извршиле правилен избор на понатамошното образование и да направат разлика помеѓу фантазијата и реалниот избор на идното занимање. |

**2.2 Задржување / осипување на учениците**

**Ниво на евалуација -многу добро**

***Извори на податоци***

- Податоци и извештаи од психолошко / стручни соработници

- Податоци од одделенски раководители одделенски дневници

-Податоци од административна служба (секретарот ), и главна книга

-Програма за работа и Извештај за работа на училитето

-Списоци на деца од реонот на училиштето

-Известувања МОН и ДПИ

-Интервју со стручната служба

***Кои информации се собрани***

**2.2.1 Опфат на ученици**

Од страна на училиштето се превземаат активности за опфат на учениците кои спаѓаат во реонот на училиштето. За прибирање на податоци се соработува со градинките и Домот за деца без родители и родителска грижа “11 Октомври“. За учениците кои не се опфатени од познати или непознати причините се превземаат соодветни законски мерки.

Од година во година се забележува зголемување на бројот на запишани ученици во прво одделение.

**2.2.2. Редовност во наставата**

Училиштето континуирано и систематски ја следи редовноста на учениците според полот и социјалната припадност и има доволни податоци за отсуствата на учениците, бројот на оправдани и неоправдани изостаноци. Во последната учебна година изостанувањето бележи тренд на намалување, кој се должи на превземените мерки за намалување на истите од страна на училиштето.

**Споредбени податоци со претходните учебни години**

| Изостаноци | 2017/18 | 2016/17 | 2015/16 |
|---|---|---|---|
| **Оправдани** | 18909 | 21939 | 13648 |
| **Неоправдани** | 98 | 227 | 193 |
| **Вк.изостаноци** | **19007** | **22166** | **24396** |

*Салвадор Аљенде 2, 1000 Скопје, Република Македонија*

*Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577 e-mail: koco_racin@yahoo.com www.kocoracin.edu.mk*

| | |
|---|---|
| | Училиштето континуирано го следи редовното доаѓање на учениците и изостаноците ги заведува во одделенските дневници. На советот на одделенски и предметни наставници,одделенските и раководителите на паралелката даваат извештај за редовноста на учениците,при што се врши анализа на причината на отсуството.Секојдневно се бележи отсуството на учениците во дневникот на паралелката.Од учебната 2011/12 отсуството на учениците се евидентира и во Е- дневникот.Одделенскиот раководител и раководителот на паралелката се обраќаат кај родителот,прибираат информации зошто ученикот отсуствувал. Според чл.64-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование(Службен весник на Р.М бр.18 од 14.02.2011год.)ако ученикот има 10 неоправдани и 100 оправдани изостаноци родителот се упатува на советување.Изостаноците на учениците се дадени во годишниот извештај и извештајот за работа на училиштето.<br><br>**2.2.3. Осипување на учениците**<br><br>Осипувањето на ученици е незначително. Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште ( промена на адреса , заминување во странство и сл.) е еднаков или поголем со бројот на оние кои доаѓаат од друго место или училиште.<br><br>**2.2.4. Преминување на учениците од едно училиште во друго**<br><br>Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго и за истото води педагошка евиденција и документација согласно законските прописи. Осипувањето на учениците кое е минимално, се следи и анализира од стручните соработници. |

| **2.3 Повторување на учениците**<br>**Ниво на евалуација -многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Записник од наставнички совет<br>• Годишен извештај за работа на училиштето | **2.3.1. Ученици кои не ја завршиле годината**<br>Во училиштето нема ученици кои ја повторуваат годината.<br>Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на наставната година. |

| **2.4. Известување за напредокот на учениците**<br>**Ниво на евалуација -многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| • Евидентни листови<br>• Одделенски дневник<br>• Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Записник од наставнички совет<br>• Годишен извештај за работа на училиштето<br>• Одделенски дневни<br>• Евидентни листи<br>• Програма за советување родители на ученици во основни училишта<br>• Записници од советувањето<br>• Записници од одделенски и наставнички совети | **2.4.1.*Известување на родителите за напредокот на учениците***<br>Нашето училиште комуницира со родителите според пропишана процедура за информирање на родителите за напредокот на учениците и истата се почитува. Секој наставник од одделенска и предметна настава води ученичко портфолио каде се собрани повеќе трудови,наставни ливчиња,контролни тестови итн. кои родителите можат да ги разгледаат во секое време.<br>Родителите се поканувaaт на редовни родителски средби кои имаат свој дневен ред на случувања и истиот се запишува во одделенските дневници. Истите се одржуваат после секој период на оценување:прво тримесечие,крај на прво полугодие,трето тримесечие со доделување на Евидентни листи за успехот на учениците и на крајот |

| | |
|---|---|
| • Полугодишен и годишен извештај за успех, поведение,редовност по паралелки<br>• Полугодишен и годишен извештај од работата на училиштето<br>• Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Записник од наставнички совет<br>• Годишен извештај за работа на училиштето | на учебната година после одржувањето на Наставнички совет каде се утврдува годишните оценки на учениците,со што народителите им се дава можност 3 дена од известувањето да поднесат приговор при незадоволство од изведената оцена по одреден наставен предмет. Исто така по потреба се поканувaат и на индивидуални средби во училиштето после секој период на оценување(писмено со изготвени покани),каде се разговара и за евентуалните емотивни или социјални проблеми кај децата.<br>Од родителите секогаш се бара повратна информација после средбата, односно веднаш се договара следна средба во скоро време за да се увиди напредокот или ако има потешкотии да се работи интензивно на нивно разрешување.Во нашето училиште секоја паралелка има усвоен кодекс на однесување во училницата, а изработен е и Кодекс за однесување во училиштето и неговите простории за наставници и ученици.<br><br>**2.4.2.** ***Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците***<br>Одделенските раководители и раководителите на паралелките водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Напредокот на учениците се разгледува на а состаноците на Советот на одделенски наставници и на Советот на предметни наставници<br>Во последните две учебни години имаме подобрување на постигањата кај учениците во однос на слабите оценки.<br>Одделенските раководители/ раководителите на паралелките подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на постигнатиот успех на сите ученици во паралелката. Изработуваат извештај и анализи на паралелката кои содржат општ успех, среден успех по предмети, среден успех на одделението. Вака добиените резултати наставниците ги користат за подобрување на формативното оценување, а со тоа и подобрување на постигањата на |

Салвадор Аљенде 2, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577 e-mail: koco_racin@yahoo.com www.kocoracin.edu.mk

| | |
|---|---|
| | учениците. Оценувањето е сеопфатно ги вклучува когнитивните знаења и ги зема во предвид емоционалните и социјалните димензии на учењето.<br>Од анализата на спроведената анкета со учениците, ги покажува следните резултати:<br>-Наставниците редовно ме даваат повратни информации и препораки за постигнувањата и напредокот во индивидуалниот напредок во учењето учениците се изјасниле дека **76,20% се согласувам, 20,40% делумно се согласувам, 3,40% не се согласувам.**<br>**-** Наставниците ме вклучуваат во процесот на оценување на моиете знаења.<br>**66,70% се согласувам, 27,90% делумно се согласувам, 5,40% не се согласувам**<br><br>**2.4.3. Промовирање на постигањата**<br>Наставниот кадар учествува во организирање на средината за учење со поставување на јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците се мотивирани за соодветни постигања на ниво на училиште и на разни натпревари. Наставниците ги мотивираат учениците, ги поттикнуваат да учествуваат на натпревари користејќи го пофалувањето како техника за поттикнување на учениците. Училиштето ги промовира постигањата на учениците во рамките на училиштето и во пошироката локална средина и става акцент на бројни активности во таа насока. Училиштето и наставниците им даваат можности на учениците согласно нивните способности и интереси да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во вонпаставните активности. За промовирање на личните постигнувања на учениците во училиштето се органиизираат слободни ученички активности. Учениците учествуваат и ги истакнуваат своите афинитети, желби и талент. Се организираат активности од областа на уметноста, културата, но и спортски натпревари, ликовни изложби, изложби на ученички творби, учество на општински натпревари, слободни ученички активности во кои учениците ги истакнуваат своите афинитети, креативност, интереси, желби и др. Исто така се организира додатна и дополнителна настава.<br>Личните трудови и изработки на учениците се изложуваат во кабинетите, училишните |

| | |
|---|---|
| | холови, на локалните медиуми и сл.<br><br>Во училиштето има Правилник за пофалби со соодветни критериуми. Правилник за оценување, напредување, полагање испити, видовите пофалби , награди и сл. Во училиштето секоја година на наставничкиот совет се врши избор на ученик на генерацијата која го завршува своето школување во училиштето, по Правилник со критериуми за избор на Рациновец и првенец на генерцијата. |

**РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Клучни јаки страни:**

- Планирање и превземање конкретни активности за постојано подобрување на постигањата на учениците
- Постоењето на процедура за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби
- Училиштето ја практикува инклузијата на децата со посебни образовни потреби во секојдневните свои активности и со нив работат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба и општински дефектолози
- Следењето и анализирањето на редовноста на учениците
- Нема ученици кои ја повторуваат годинат
- Зголемување на бројот на запишани ученици во прво одделение
- Намалувањебројот на ученици со слаби оценки
- Вклучување на учениците во процесот на оценување

**Слаби страни:**

- Отсуство на следење на постигнувањата на учениците според полот и етничката припадност
- Отсуството на следење и анализирање на редовноста на учениците според пол, етничка припадност и социјално потекло
- Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус од основно во средно образование

**Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Следење постигнувањата на учениците според полот и етничката припадност
- Следење и анализирање редовноста на учениците според пол, етничка припадност
- Следење постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование

**Подрачје 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар**

**Ниво на евалуација : многу добро**

| **бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Т е м и:** |
|---|---|---|
| 3 | **Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** | **3.1. Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>**3.2. Стручната служба како подршка на наставниот кадар**<br>**3.3. Следење на развојните потреби на наставниот кадар**<br>**3.4.Придобивки од професионален развој** |

| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
|---|---|
| • интерни акти<br>• разговор со стручната служба, наставниците и директорот<br>• листи од спроведени интерни обуки | **3.1. Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br><br>Училиштето располага со соодветен кадар по сите предмети за реализација на воспитно - образовниот процес.<br>Наставниот процес во училиштето согласно со Годишната програма за работа на училиштето, го реализираат 46 наставници.<br>Наставниот кадар е редовен на работа и коректно се однесува кон пропишаните работни задачи.<br>Наставниот кадар според стручната подготовка соодејствува на критериумите пропишани со Законот за основно образование. Наставниците поседуваат квалификации и искуства, стекнати низ процесот на нивното стручно оспособување.<br>На приправниците редовно им се одредува ментор, а менторите редовно изготвуваат програма за работа. |

| | |
|---|---|
| | **3.2. Стручната служба како подршка на наставниот кадар**<br><br>Стручните соработници во училиштето даваат поддршка на наставниот кадар, штоможе да се види од одговорите на прашањето „ Стручните соработници во училиштето се секогаш отворени за соработка со мене и ми даваат квалитетна подршка за професионален развој“ на кое **70,40 %** потполно се согласуваат, додека **22,70%** делумно се согласуваат и **6,90%** не се согласуваат.<br>Наставниците од страна на стручните соработници во училиштето редовно добиваат напатствија за водење на педагошката евиденција.<br>Во случај да се појави конфликт помеѓу наставник-ученик, наставник-родител и ученик-ученик, стручните соработници правовремено се вклучуваат и помагаат да се разреши истиот;<br>Учениците во секое време можат да добијат советодавна помош;<br>Наставниот кадар и стручната служба се вклучени во реализација на еколошката програма преку итеграција на еколошки содржини. Наставниците реализираат еко-проекти со точките на акција од четирите еко стандарди.И сто така со учениците се реализираат еколошки содржини во наставата и разновидни МИО и Еко-активности во соработка со родителите : собирни акции на пластика и стара хартија.<br>Наставниците приправници од страна на сручните соработници постепено се воведуваат во работата со добивање на соодветна подршка“, на кое **79,50 %** потполно се согласуваат, додека **20,50%** делумно се согласуваат . |

**3.3. Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку анкети и разговори. Училиштето врши дисеминација на обуки за различни проблематики кои се директно врзани со наставните програми, што може да се види од анкетата, каде **93,10%** се се согласуваат дека применува и споделува знаења и вештини стекнати на обуки во својата практика за подобрување на својата работа.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот при што внесува ефективни иновации во работата и ја следи работата на наставниците наставниците- приправници. Секој вработен има Професионално досие за професионален развој.

Наставниците подеднакво добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на Бирото за развој на образованието, како и проекти кои се спроведуваат од страна на акредитирани домашни и странски организации, после кои се организираат интерни обуки. Училиштето има програма за професионален развој на наставниците.

**3.4.Придобивки од професионален развој**

Знаењата и искуствата стекнати на ваквите обуки, секогаш се пренесуваат и на останатиот наставен кадар преку интерни обуки и семинари, што може да се види од анкетата, каде **93,10%** се се согласуваат дека применува и споделува знаења и вештини стекнати на обуки во својата практика за подобрување на својата работа.

Стручните соработници водат евиденција и поседуваат докази за личен професионален развој, што се се гледа од анкетата, каде **93,10 %** од наставниот кадар се изјаснил дека се согласува. За таа намена се водат Досие за професионален развој и Педагошки картон.

Во рамките на подобрување на ефективноста и креативноста на работата, наставниот кадар ажурира портфолија за професионален развој.

На сите нови наставници им се доделува ментор кој ја следи и потпомага нивната работа и стекнување на искуство.

**РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО: Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар**

**Клучни јаки страни**

- Училиштето има соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес и наставниот кадар е во согласност со нормативите.
- Наставниците имаат поддршка во нивното стручно усовршување за што е изготвена и програма за професионален развој
- Стручните соработници им помагаат на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите и давање помош на учениците. Стручните соработници реализираат програма„ Советување на родители“, советодавни работилници за работа со ученици, родители и наставници.
- Редовно се реализира дисеминација од посетени семинари/обуки
- Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професиоален развој.
- Во училиштето се следи работата на наставниците- приправници.
- Се реализираат обуки од страна на наставниците за подобрување на наставничките компетенции за професионален личен развој
- Секој наставник изготвуваа план за личен професионален развој

**Слаби страни:**

- Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање на признанија на наставниот кадар
- Училиштето е делумно опремено со стручна литература
- Наставниците немаат можност да влијаат на изборот на теми на стручното усовршување во училиштето
- Недоволно се врши размена на искуства преку примери на добра пракса со отворени нагледни часови

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Училиштето да изготви внатрешни механизми за оддавање на признанија на наставниот кадар
- Да се реализираат нагледни часови за размена на искуства
- Училишната библиотека да се збогати со струна литература
- Наставниот кадар треба да влијае на изборот на теми и облици на стручното усовршување во училиштето

- **Подрачје 4.Управување и раководење**

**Ниво на евалуација : многу добро**

| *Бр.* | ***Индикатор за квалитет*** | ***Теми*** |
|---|---|---|
| **4.1** | **Управување и раководење со училиштето** | **4.1.1.Управување со училиштето**<br><br>**4.1.2.Раководење со училиштето** |
| **4.2** | **Цели и креирање на училишна политика** | **4.2.1.Цели и креирање на училишната политика** |
| **4.3** | **Финансиско работење во училиштето** | **4.3.1.Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива**<br><br>**4.3.2.Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** |
| **4.4** | **Развојно планирање** | **4.4.1.Цели на развојното планирање**<br><br>**4.4.2.Инфраструктура** |

| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| - Годишна програма за работа на училиштето за уч 2016/17 г., 2017/18 г.,<br><br>-Годишни извештаи од работата на училиштето<br><br>-Самоевалуација 2016<br><br>-Програма за развој на училиштето<br><br>-Статут на училиштето<br><br>-Деловник за работа на Училишниот одбор,<br><br>-Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор<br><br>-Интервју со Училишен одбор<br><br>-Програма за работа на директорот<br><br>-Програма за професионален развој на директорот<br><br>-Интервјуа со наставниците, родителите и учениците<br><br>-Записничка книга од состаноците на Училишен | **4.1.1. Управување и раководење со училиштето**<br>Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Училишниот одбор(УО) е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. УО брои 9 члена и тоа: тројца членови од редот на наставниците, тројца од Советот на родители, двајца од Локалната заедница и еден претставник од Влада и МОН.<br>Со Деловникот за работа на Училишниот одбор од 2010год. се запознаени сите членови и работењето е во согласност со пропишаните одредби за задолжително присуство и обезбедување на кворум при донесување на одлуки.<br>Претседателот на УО има посетено обука за успешно работење во училишниот одбор. Најголем број членови на Училишниот одбор се избрани од оваа учебна година. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одбор .Членовите се известуваат писмено, со покани и преку елктронска пошта најмалку два дена пред одржување на состаноците. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.<br>Работата е транспарентна за сите структури во училиштето.<br>УО има воспоставено партнерски односи со раководниот орган на училиштето и други образовни структури. Според изјаснувањето на членовите на УО, донесените одлуки и записниците од одржаните седници, запознаени се со сите прашања во врска со воспитно-образовната работа, законската регулатива при донесување на одлуки, за управување со финансиите во училиштет, извршените тендери, состојбите од самоевалуацијата и програмата за развој на училиштето.<br>Состаноците се редовни, еднаш до двапати во месецот.<br><br>**4.1.2.Раководење со училиштето**<br>Стратешката определба на раководен орган во училиштето е остварување на „Отворено училиште“ во кое сите субјекти се прифатени и учат, се надградуваат и |

| | |
|---|---|
| одбор , Наставнички совет, Советот на родители<br><br>-Увид во инфраструктурата<br><br>- Апликации на училиштето за обезбедување на средства од локалната самоуправа, заедница, донатори | постигаат подобри резултати, отворено за проекти и специфичности во составот на учениците (децата од дом за деца без родители и деца со посебни потреби). Во досегашната работа има реализирано низа активности преку кои се подобрени условите за работа, климата за работа во училиштето, соработката со родителите, тимското работење, зајакнување на работата на стручните активи, реализирање на проекти, промовирање на училиштето и учениците од секаков вид, соработката со локалната средина.<br>Ефективно раководи со вработените и има професионален однос кон работата.<br>Ги идентификува приоритетите, донесува одговорни одлуки и се фокусира на ефикасност и применливост во практиката во однос на подобрување на квалитетот на воспитно образовниот процес во училиштето.<br>Според изјаснување на членовите на советот на родители, директорот е ефикасен во спроведување на нивни укажувања и барања.<br><br>Директорот воспоставува партнерства со непосредната околина и во пошироката заедница најчесто преку поголем број на проекти, апликации за соработка, поддршка и добивање на средства. Соработката со локалната самоуправа е добра.<br><br>Училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.<br>- Од спроведената анкета за родители и наставници добиени се следните податоци:<br>**61,15%** од анкетираните родители и 97,70 % од анкетираните наставници одговориле дека директорот на училиштето одржува добри односи со родителите,наставниците и учениците.<br><br>-**51,80%** од анкетираните родители и 90,90% од анкетираните наставници одговориле дека се информирани за поголемиот број донесени одлуки во училиштето. |

| | |
|---|---|
| | - **49,64%** од анкетираните родители одговориле дека се задоволни од начинот на раководење и управување.<br><br>-**90,90%** од анкетираните наставници одговориле дека доследно и навремено се спроведуваат донесените решенија и одлуки во училиштето.<br><br>-**72,80**% од анкетираните ученици одговориле дека училиштето води грижа за безбедноста и сигурноста на учениците во училиштето. |

| **4.2 Цели и креирање на училишната политика**<br>**Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| - Годишна програма за работа на училиштето за училиштето за учебните 2016/17 и 2017/18 год.<br>- Самоевалуација 2016<br>- Програма за развој на училиштето 2015<br><br>- Акциони планови<br><br>- Анкети/Интервјуа со директор, стручна служба, наставници родители ученици<br><br>- Записници од УО, Совет на родители, Наставнички совет<br><br>- Записник од состаноци на одд. заедници и ученичка организација | **4.2.1.Цели и креирање на училишната политика**<br>Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Фокусирани се кон подобрување на работата на училиштето со вклучување на сите субјекти во училиштето, родителите, локалната самоуправа и локални фактори кои влијаат на развојот на училиштето (културни установи, образовни установи, невладини организации, спортски клубови и трговски друштва). Утврдените цели во програмските документи на училиштето се јасни и добро поставени.<br>Во креирањето на целите во најголема мера учествуват наставниците од стручните активи, стручните соработници и директорот. Училиштето ги зема предвид мислењата на родителите преку активното учество на членовите на советот на родители и мислењата на родителите и учениците преку анкетни листови и учениците во помала мера преку ученичката организација.<br>Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. |

| **4.3. Финансиско работење во училиштето**<br>**Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| | **4.3.1.Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива**<br>Финансиското работење на училиштето задоволува и за истото е одговорен директорот. За оваа календарска година е донесен годишен план за јавни набавки од страна на директорот. Донесен е и финансиски план доставен до основачот со претходно донесена одлука од Училишниот одбор.<br>Финансирањето на училиштето во однос на плати се врши преку МОН и локалната власт. За училишниот буџет и трошоците се информира основачот и Училишниот одбор.<br>**4.3.2.Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет**<br>Овие информации им се достапни на локалната заедница. Училиштето има обврска да ги информира родителите на состаноците на Советот на родители и тоа редовно го прави. Постои висок степен на транспарентност во планирањето и трошењето на средствата. При спроведувањето на набавките се почитуваат одредбите од законот за јавните набавки.<br>Финансиското работење на училиштето е добро |

| **7.4. Развојно планирање**<br>**Ниво на евалуација - многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| | **4.4.1.Цели на развојното планирање**<br>Училиштето има изработено Програма за развој на училиштето со јасно дефинирани приоритети произлезени од претходната самоевалвација, кои успешно се реализираат според предвидената динамика. |

| | |
|---|---|
| | Ја поттикнува тимската работа помеѓу наставниците и се грижи за стручното усовршување на наставниците.<br>Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето обезбедува средства за нивно континуирано одржување. Училиштето делумно е опремено со современи нагледни и наставни средства за за рализација на квалитетна настава<br>**4.4.2.Инфраструктура**<br>Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето.<br>Фасадата на училишната зграда не е во состојба и потребно е да се направи обновување во однос на кречење и термо изолација.Училиштето влезе во Проект од општина Центар за обновување на фасадата на училишната зграда.<br>Патеките во училишниот двор се оштетени и не се безбедни за движење , а хортилултурното уредување не е во добра состојба.<br>Спортските терени не се во функција , поради оштетувања на бетонот.<br>Во училиштето не е изведена атмосферска одводна мрежа, поради што атмосферските води се собираат во училишниот двор и влегуваат во дел од училилниците на стариот дел од училишната зграда.<br>Нема потпорен ѕид на западната страна од новиот дел на училишната зграда, со што се загрозува безбедноста на учениците и вработените<br>Во летниот период во календарската 2016 година, дотраените врати во секоја училница се заменети со нови. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. |

***РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО***

**Управување и раководење**

**Клучни јаки страни**

- Директорот има јасно поставени цели и план за реализација на истите
- Директорот се залага за стручно усовршување на наставниот кадар
- Директорот има воспоставено партнерства и соработка со непосредната и локалната заедница
- Директорот има воспоставено тимска работа преку вклучување на вработените при реализација на однапред определени активности
- Училишниот одбор има одлична соработка  со директорот
- Училиштето навремено ги согледува потребите од материјално-технички средства и планира средства за одржување на постојните
- Во училиштето постои развојно планирарање со јасно прецизирани цели
- Во остварувањето на целите на училиштето се вклучени сите субјекти;
- Финансиските средства се во функција на приоритетите на училиштето и воспитно - образовните цели;
- Постојано се ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата.
- Зголемено учество на   родителите   во разни активности во училиштето со цел подобрување на квалитетот на наставата

**Слаби страни:**

- Фасадата на училишната зграда е во лоша состојба и потребно е да се направи обновување во однос на кречење и термо изолација
- Патеките во училишниот двор се оштетени и не се безбедни за движење , а хортилултурното уредување не е во добра состојба
- Спортските терени не се во функција , поради оштетувања на бетонот
- Во училиштето не е изведена атмосферска одводна мрежа
- Потреба од потпорен ѕид на западната страна од новиот дел на училишната зграда, со што се загрозува безедноста на учениците и вработените
- Училиштето делумно е опремено со современи нагледни и наставни средства за за рализација на квалитетна настава

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Обновување на фасадата на училишната зграда во однос на кречење и термо изолација
- Обновување на патеките во училишниот двор и хортилултурно уредување на училишниот двор
- Обновување на спортските терени не во функција
- Да се изгради потпорен ѕид на западната страна од новиот дел на училишната зграда
- Изведба на атмосферска одводна мрежа
- Да се набават современи нагледни и наставни средства за за рализација на квалитетна настава

**Подрачје 5:Комуникации и односи со јавноста**

**Ниво на евалуација : многу добро**

| **бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Т е м и:** |
|---|---|---|
| **5.1** | **Комуникации на ниво на училиште** | **5.1.1. Комуникација директор - вработен**<br>**5.1.2. Стручен соработник – наставник**<br>**5.1.3.Комуникација наставник-наставник**<br>**5.1.4.Комуникација наставник / стручен соработник со административно-технички персонал** |
| **5.2** | **Комуникација на ниво на училница** | **5.2.1.Комуникација ученик-ученик**<br>**5.2.2.Комуникација ученик-наставник**<br>**5.2.3.Комуникација ученик-стручен соработник** |
| **5.3** | **Комуникација со опкружувањето на училиштето** | **5.3.1.Комуникација со родителите**<br>**5.3.2.Комуникација со институции од централно ниво:МОН; БРО; ДПИ; ДИЦ** |

| *Извори на податоци* | **Комуникации на ниво на училиште** |
|---|---|
| -куќен ред на училиштето<br><br>- кодекс на однесување на наставници и вработени | **5.1.1. Комуникација директор –вработен**<br>Комуникацијата на директорот со наставниците се реализира преку училишен тим, Наставнички совет, стручни активи и индивидуални средби. Вработените редовно се информираат за превземените активности од страна на директорот и имаат можност за вклучување во активностите |

| | |
|---|---|
| - кодекс на однесување на ученици<br><br>- кодекс на однесување на родители<br><br>- анкети/анкети со наставници, родители и ученици<br><br>- статут на училиштето | за одредување и реализација на училишните приоритети. Комуникацијата се одвива преку следење, анализирање, информирање, координирање, пофалување, и заедничко решавање на прашањата во однос на сите подрачја. |
| | **5.1.2. Стручен соработник – наставник**<br>Комуникацијата се одвива преку давање помош и насоки за изготвување на годишните, тематските и дневните планирања од страна на психологот и педагогот, преку Наставнички совети и стручни активи. Наставникот добива подршка при реализација на дополнителана, додатна настава и вонаставни активности, индивидуални разговори, проекти, семинари, посета на часови, помош на приправници како и преку заедничко работење со стручните тимови во училиштето. |
| | **5.1.3.Комуникација наставник-наставник**<br>Повеќето од наставниците соработуваат меѓу себе од иста или различна група на предмети. Комуникација на наставниците е преку размена на искуства и идеи на ниво на стручни активи, дисеминација по спроведени обуки на ниво на училиште и потполно се остварува соработката со наставниците од други училишта. |
| | **5.1.4.Комуникација наставник / стручен соработник со административно-технички персонал**<br>Соработката помеѓу наставникот / стручниот соработник и административно техничкиот персонал се остварува со навремени информации за законските измени кои се од интерес на вработените и достапност до информации за непречено реализирање на работните обврски. Се врши постојано сервисирање на опремата и наставните средства од страна на хаусмајстор, а се води и грижа за хигената во училиштето |

| *Извори на податоци* | **5.2. Комуникација со опкружувањето на училиштето** |
|---|---|
| -куќен ред на училиштето<br><br>- кодекс на однесување на наставници и вработени,<br><br>- кодекс на однесување на ученици,<br><br>- кодекс на однесување на родители,<br><br>- анкети/анкети со наставници, родители и ученици | **5.2.1.Комуникација ученик-ученик**<br><br>На транспарентен и демократски начин се врши избор на претставниците во ученичките заедници. Ученичката заедница делумно ги реализира планираните активности во текот на учебната година.<br>Постои меѓусебна соработка за помош при совладување на одредени наставни содржини и помош на ученици од социјално ранливи категории и друг вид на проблеми. Се организираат работилници и активности за почитување на различностите. |
| | **5.2.2.Комуникација ученик-наставник**<br><br>Постои соработка помеѓу наставниците и учениците, добра комуникација со учениците, еднаков приод и взаемна почит, што може да се види од спроведената анкета , на која **74,10%** од учениците се согласуваат, **22,50%** делумно се согласуваат и **3,40%** не се согласуваат. За време на часовите се превземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа со давање на постојана усна и пишана повратна информација за постигањата на учениците. Наставниците редовно даваат поддршка на учениците со ПОП, емоционални социјални и здравствени потешкотии. |
| | **5.2.3.Комуникација ученик-стручен соработник**<br><br>Учениците имаат можност за разговор и поддршка од стручниот соработник наставниците, доколку се соочи со било каков проблем во училиштето, што може да се види од спроведената анкета , на која **81,00%** од учениците се согласуваат, **15,00%** делумно се согласуваат и **4,00%** не се согласуваат. Стручниот соработник дава информации и спроведува активности при професонална ориентација, како и ги информира за нивните права и обврски . За подобрување на |

| | |
|---|---|
| | успехот редовноста и дисциплината стручниот соработник редовно организира советување за учениците. |

| *Извори на податоци* | **5.3. Комуникации на ниво на училиште** |
|---|---|
| -куќен ред на училиштето<br>- кодекс на однесување на родители,<br>- анкети/анкети со родители<br>-годишна програма на училиштето<br>-Годишен извештај од работата на училиштето<br>-Записници од редовни контроли од страна на ДПИ | **5.3.1.Комуникација со родителите**<br><br>Училиштето активно комуницира со родителите преку родителски средби, индивидуални и заеднички, Совет на родители, работилници,проекти и организирање на посети надвор од училиштето, што може да се види од спроведената анкета , на која **81,30%** од родителите се согласуваат, **12,95%** делумно се согласуваат и **5,75%** не се согласуваат. |
| | **5.3.2.Комуникација со институции од централно ниво:**<br>**МОН, БРО, ДПИ**<br><br>Училиштето има континуирана соработка со релевантните инстиуции од областа на воспитно – образовната дејност преку посетување на семинари, обуки и проекти организирани од МОН и БРО. Соработката со ДПИ се остварува преку редовните контроли од страна на просветните инспектори за воспитно- образовната работа во училиштето и педагошка евиденција и документација. |

**Клучни јаки страни**

- Редовно се обезбедуваат информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените
- Постои соработка со релевантни институции со МОН и БРО
- Вработените имаат добра соработка
- Наставниците имаат воспоставено добра комуникација, еднаков приод, меѓусебна соработка и почит со своите ученици
- Учениците имаат поддршка од стручните соработници
- Се остварува добра соработка со родителите
- Стручните соработници во училиштето се секогаш отворени за соработка
- Училиштето во изминатиов период вршеше медиумско промовирање и афирмација на училиштето

**Слаби страни:**

- Ученичката заедница делумно ги реализира планираните активности во текот на учебната година.

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Ученичката заедница да ги реализира планираните активности во текот на учебната година.

**Подрачје 6: Училишна клима и култура**

**Ниво на евалуација : многу добро**

| *Број* | *Индикатор за квалитет* | *Теми* |
|---|---|---|
| | **6.1. Училишна клима и односи во училиштето** | **6.1.1. Углед/имиџ на училиштето**<br>**6.1.2.Кодекс на однесување**<br>**6.1.3.Училишна клима**<br>**6.1.4.Поведение и дисциплина во училиштето** |
| | **6.2. Еднаквост и правичност** | **6.2.1.Познавање правата на децата**<br>**6.2.2. Еднаков третман на сите ученици**<br>**6.2.3. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот** |

| **<u>6.1.Училишна клима и односи во училиштето</u>**<br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| - Годишен извештај на училиштето<br><br>- Годишна програма на училиштето<br><br>- Кодекс на однесување на наставниците и учениците<br><br>- Годишни планирања на содржините од Образование за животни вештини, Граѓанско образование | **6.2.1. Углед/имиџ на училиштето**<br><br>Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар е почитуван од страна на родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него |

| | |
|---|---|
| - Анкети на ученици, наставници и родители<br><br>- Пофалби, награди, признанија<br><br>- Годишен извештај на училиштето<br><br>- Правилник за изрекување педагошки мерки | **6.1.2.Кодекс на однесување**<br><br>Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на непосредните носители на воспитно образовната работа. Во неговата изработка учествувале наставници од училиштето, директорот и стручната служба.Разгледан и донесен на состанок на Наставничкиот совет на училиштето. Кодексот е истакнат на видно место во училиштето.<br>Училиштето има Кодекс на однесување на родителите. Во неговата изработка земале учество родителите, претставници во Училишниот одбор.<br>Во училиштето постои Кодекс на однесување на учениците. При изготвување на Кодексот на однесување, учениците активно се вклучени и истиот го почитуваат. Учениците и родителите ги почитуваат принципите и правилата на однесување кои се пропишани во етичкиот кодекс на училиштето и куќниот ред, што се гледа од спроведената анкета, на која учениците 92,50% се согласуваат, 6,80% делумно се согласуваат и 0,70 % не се согласуваат, а родителите 71,95% се согласуваат, 21,58% делумно се согласуваат и 6,47% не се согласуваат.<br>Наставниците посебно внимание посветуваат на воспитанието на учениците, одржување на хигиената, односот кон инвентарот, однесувањето во училиштето и дворното место. Училиштето се грижи за безбедноста на учениците. Постои распоред за дежурни наставници. На секој спрат во училиштето има по еден наставник.<br><br>**6.1.3.Училишна клима**<br><br>Во училиштето, постои добра соработка меѓу вработените, учениците и родителите вклучени во воспитно- образовниот процес.<br>Раководниот и наставниот кадар има важна улога во воспоставување и почитување на односите меѓу наставниците и учениците со што се создава добра атмосфера во |

| | |
|---|---|
| | училиштето. Но во комуникациските односи меѓу учениците,има ученици кои делумно се совесни, одговорни и се почитуваат меѓу себе, што може да се види од одговорите на анкетата за учениците, каде **36,00%** се согласуваат, **49,70%** делумно се согласуваат и **14,30%** не се согласуваат<br>Училиштето води политика на взаемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција .<br><br>**6.1.4.Поведение и дисциплина во училиштето**<br><br>Во училиштето постои работна атмосфера за време на наставата. Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Поголем број од наставници и ученици истакнаа дека учениците се однесуваат добро во училиштето.<br>Училиштето го применува Правилникот за изрекување педагошки мерки. При изрекувањето на педагошките мерки училиштето го повикува родителот, на кого му се соопштува мерката. Од извршен разговор со психологот, прегледаната документација е забележано дека секоја педагошка мерка се пишува во писмена форма. |

| **6.2. Еднаквост и правичност**<br>**Ниво на евалуација – многу добро** | |
|---|---|
| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
| - Годишен извештај на училиштето<br>- Годишна програма на училиштето<br>- Кодекс на однесување на наставниците | **6.2.1.Познавање на правата на децата**<br><br>Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и истите ги почитуваат. Одделенските раководители ги запознаваат учениците со нивните права. |

| | |
|---|---|
| и учениците<br><br>- Годишни планирања на содржините од Образование за животни вештини, Запознавање на околината, Граѓанско образование<br><br>- Анкети на ученици, наставници и родители<br><br>- Пофалби, награди, признанија<br><br>- Годишен извештај на училиштето, правилник за изрекување педагошки мерки<br><br>- анкетни листови за ученици и родители | Во самиот Кодекс на однесување, забележани се правата но и обврските на учениците.<br><br>**6.2.2. Еднаков третман на сите ученици**<br><br>Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите, за време на наставата и вонnаставните активности. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст. Во училиштето се почитуваат еднаквоста и правичноста.<br><br>**6.2.3. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**<br><br>Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната и верската разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Македонија, без оглед на која етничка група припаѓаат. Училиштето организира заеднички наставни и воннnаставни активности наменети за културно-етнички мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. Мал е број на паралелки во училиштето со ученици од мешан етнички, верски состав. Учениците ја почитуваат сопствената и културата на другите етнички заедници |

**РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ВО ПОДРАЧЈЕТО УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**Клучни јаки страни**

- Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците
- Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот
- Училиштето ја поддржува инклузивноста
- Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него
- Училиштето води политика на заемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција
- Во училиштето постои работна атмосфера за време на наставата
- Дисциплината на учениците во училиштето е добра

**Слаби страни:**

- Учениците делумно се совесни, одговорни и се почитуваат меѓу себе

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Да се превземат активности за зголемување на одговорноста , почитувањето, еднаквоста, хуманоста и толеранцијата помеѓу учениците

**Подрачје 7. Соработка со родителите и локалната средина**

**Ниво на евалуација : многу добро**

| ***Т е м и:*** |
|---|
| **7.1. Соработка на училиштето со родителите** |
| **7.2. Соработка со локалната заедница** |
| **7.3. Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор** |

**7.1. Соработка на училиштето со родителите**

**Ниво на евалуација - добро**

| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
|---|---|
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен),<br>Записници од Совет на родители и родителски средби,<br>анкети со родители и наставници<br>Статут на училиштето<br><br>Педагошка евиденција и документација за општествено корисна работа, за јавно културната дејност,<br><br>Записници и одлуки од состаноци на Училишниот одбор | Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето. Имено, училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето во рамките на формалните нивоа на одлучувања (Совет на родители, родителски средби и Училишен одбор). Комуникацијата на училиштето со родителите се сведува на одржување на најмалку две родителски средби во едно полугодие, а редовно се одржуваат и индивидуални родителски средби. Родителите се чувствуваат добродојдени во училиштето.<br>Во работата на училиштето родителите активно учествуваат и одлучуваат во рамките формалното органи и тела како што се: советот на родители, училишниот одбор како и на родителските средби. Училиштето презема активности, да вклучи поголем број на родители. Во другите проекти, активности и манифестаци, организирани работилници (детски права, мултикултурални работилници) од страна на училиштето, родителите се активни. Присуството на членовите на Советот на родители на нивните состаноци и на состаноците на Училишниот одбор е добра. На овие органи, родителите ги застапуваат своите интереси и интересите на училиштето. Учеството на родителите на родителски средби е добра. Советот на родители ги познава механизмите за покренување и реализирање на иницијативи. |

**7.2. Соработка со локалната заедница**

**Ниво на евалуација - добро**

| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
|---|---|
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен),<br>Записници од Совет на родители и родителски средби,<br>анкети со родители и наставници<br>Статут на училиштето<br><br>Педагошка евиденција и документација за општествено корисна работа, за јавно културната дејност,<br><br>Записници и одлуки од состаноци на Училишниот одбор | Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведувања на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата .<br><br>Воспоставува партнерства со непосредната околина и во пошироката заедница најчесто преку проекти, поддршка и добивање на средства. Соработката со локалната самоуправа е добра.<br><br>Училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата<br><br>Училиштето е вклучено во соработката со локалната заедница во рамките на формалните законски обврски во поглед на усвојување на годишниот извештај, донесување на годишната програма за работа на училиштето, разгледување на програмата за развој како и во однос на реализација на заеднички проекти за подобрување на училишната инфраструктура. Посебно е забележана соработката во подобрување на условите во училниците . |

**7.3. Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор**

**Ниво на евалуација - добро**

| ***Извори на податоци*** | ***Кои информации се собрани*** |
|---|---|
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен),<br>Записници од Совет на родители и родителски средби,<br>анкети со родители и наставници<br>Статут на училиштето,<br><br>Педагошка евиденција и документација за општествено корисна работа, за јавно културната дејност,<br><br>Записници и одлуки од состаноци на Училишниот одбор | Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница.<br><br>Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата. Училиштето воспостави соработка со Италијанската амбасада со потпишување на меморандум за соработка, за бесплатно изучување на италијански јазик со група ученици.<br><br>• Училиштето соработува со општина Центар, МОН,БРО,ДПИ,средните училишта на град Скопје, школска амбуланта Бит пазар, стоматолошка ординација -Идадија , Центар за јавно здравје, Фонд за здравство, Осигурителни компании , Детски културен центар „Карпош“, Црвен крст на град Скопје,<br>Соработката на деловната заедница со училиштето е добра.<br><br>Училиштето со учениците, врши посета на локалната и деловната заедница во рамките на Општина Центар кои се во близина на училиштето, а се со во функција на наставата.<br><br>Во близина на училиштето има повеке институции од јавен карактер, а помалку деловните субјекти. |

**РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ПОДРАЧЈЕТО**

**Соработка со родителите и локалната средина**

**Клучни јаки страни**

- Училиштето презема активности, да вклучи поголем број на родители
- Родителите се чувствуваат добродојдени во училиштето
- Во работата на училиштето родителите активно учествуваат и одлучуваат во рамките формалното органи и тела како што се: советот на родители, училишниот одбор како и на родителските средби
- Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведувања на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата
- Училиштето е вклучено во соработката со локалната заедница во рамките на формалните законски обврски во поглед на усвојување на годишниот извештај, донесување на годишната програма за работа на училиштето, разгледување на програмата за развој како и во однос на реализација на заеднички проекти за подобрување на училишната инфраструктура.
- Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница

**Слаби страни:**

- Училиштето делумно превзема активности за вклучување на родителите во животот и работата на училиштето

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Училиштето да превземе активности за поголемо вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.

**РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

Врз основа на член 147, став 5 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. 103/08). Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ„Кочо Рацин “, Скопје за учебната 2017/18 година изврши самоевалуација на работата во училиштето . За поголема ефикасност во работењето, се формираа тимови по подрачја , кои имаа средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа користеше повеќе податоци. Се спроведе анкета со ученици, наставници, родители и директорот. Добиените податоци беа обработени, анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка – **многу добар.**

Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

***Предлог мерки:***

- Да се обезбедат стручни човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби
- Да се обезбедат современи нагледни и наставни средства за рализација на квалитетна настава
- Следење постигнувањата на учениците според полот и етничката припадност
- Следење и анализирање редовноста на учениците според пол, етничка припадност и социјално потекло
- Следење постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование
- Изготвување на внатрешни механизми за оддавање на признанија на наставниот кадар
- Реализирање на нагледни часови за размена на искуства
- Збогатување со стручна литература на училишната библиотека
- Наставниот кадар треба да влијае на изборот на теми на стручното усовршување
- Обновување на фасадата на училишната зграда во однос на кречење и термо изолација
- Обновување на патеките во училишниот двор и хортилултурно уредување на училишниот двор во училиштето
- Изведба на атмосферска одводна мрежа
- Обновување на спортските терени
- Изградба на потпорен ѕид на западната страна од новиот дел на училишната зграда
- Набавка на современи нагледни и наставни средства за за рализација на квалитетна настава
- Ученичката заедница да ги реализира планираните активности во текот на учебната година

- Да се превземат активности за зголемување на одговорноста , почитувањето, еднаквоста, хуманоста и толеранцијата помеѓу учениците
- Училиштето да превземе активности за поактивно вклучување на родителите во животот и работата на училиштето

Горенаведените предлог мерки ќе се додадат во Програмата за развој на училиштето за периодот 2019-2023 година, што ќе биде изработена на крајот на учебната 2018/2019 година .

1. Сузана Камчева – психолог ____________________
2. Габриела Апостолска, наставник ____________________
3. Марина Стојановска, наставник ____________________
4. Билјана Билбиловска, наставник ____________________
5. Моника Силјановска – родител ____________________

28 Јуни , 2018 година

Директор

--------------------

Јовица Остојиќ

**ПРИЛОЗИ:**

**АНКЕТНИ ЛИСТОВИ ЗА НАСТАВНИЦИ, РОДИТЕЛИ,УЧЕНИЦИ**

ООУ “КОЧО РАЦИН“ – СКОПЈЕ

**ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ**

**(Самоевалуација, 2018)**

**Вкупно анкетирани наставници 44**

**Вашиот одговор обележете го со знакот ✓**

| Ред. Бр. | | **Се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Не се согласувам** |
|---|---|---|---|---|
| **1. Организација и реализација на наставата и учењето** | | | | |
| 1. | Изготвувам Годишна програма и ја презентирам на родителите и учениците на почетокот на учебната година. | 97,70% | 2,30% | / |
| 2. | На часовите внесувам иновации и применувам различни форми, методи,техники, ИКТ и ресурси за успешна реализација на наставните содржини. | 95,40% | 2,27% | 2,33% |
| 3. | Изготвувам наставни програми за деца со ПОП според адаптирани наставни цели по наставните предмети | 65,90% | 25% | 9,10% |
| 4. | Изготвувам наставни програми за надарени деца според адаптирани наставни цели по наставните предмети | 70,40% | 22,70% | 6,90% |
| 5. | Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и според своите интереси и способности. | 88,60% | 11,40% | / |
| 6. | Ги поттикнувам и подржувам учениците да се вклучат во слободните активности, проекти, манифестации, натпревари. | 100% | / | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Постоечкиот наставен план и наставни програми одобрени од МОН треба да претрпат одредени промени во однос на обемот и содржините. | 81,80% | 18,20% | / |
| **2. Постигања на учениците** | | | | |
| 8. | Преземам конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност. | 93,10% | 6,90% | / |
| 9. | Континуирано го следам и оценувам напредокот и постигнувањата на учениците, применувајќи различни методи, техники и инструменти за оценување. | 97,70% | 2,30% | / |
| 10. | Се консултирам со стручната служба за постигањата на учениците. | 77,20% | 20,40% | 2,40% |
| 11. | Посетата на дополнителната и додатната настава влијае за подобрување и продлабочување на знаењата на учениците. | 72,70% | 22,70% | 4,60% |
| 12. | Го следам напредокот на учениците со тешкотии во учењето и давам поддршка со избирање на активности соодветни на нивните можности. | 90,90% | 9,10% | / |
| 13. | Обезбедувам докази за напредувањето на учениците што ги користам за информирање на учениците и родителите за напредокот на ученикот и за планирањето на учењето и поучувањето | 93,10% | 4,54% | 2,36% |
| **3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** | | | | |
| 14. | Стручните соработници во училиштето се секогаш отворени за соработка со мене и ми даваат квалитетна подршка за професионален развој | 70,40% | 22,70% | 6,90% |
| 15. | Планирам, водам евиденција и поседувам докази за сопствениот професионален развој | 93,10% | 6,90% | / |
| 16. | Применувам знаења и вештини стекнати на обуки во својата практика, споделувам и користам совети за | 93,10% | 6,90% | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | подобрување на својата работа | | | |
| 17. | Наставниците приправници постепено се воведуваат во работата со добивање на соодветна подршка | 79,50% | 20,50% | / |
| **4. Управување и раководење** | | | | |
| 18. | Наставниците треба да бидат вклучени во креирањето на политиката на училиштето и на донесувањето одлуки | 95,40% | 4,60% | / |
| 19. | Директорот на училиштето одржува добри односи со учениците, родителите и вработените. | 97,70% | 2,30% | / |
| 20. | Редовно сме информирани за превземените активности од страна на директорот | 90,90% | 9,10% | / |
| 21. | Доследно, навремено и транспарентно се спроведуваат донесените решенија и одлуки во училиштето. | 90,90% | 9,10% | / |
| 22. | Членовите на училишниот одбор соработуваат со раководниот орган | 95,40% | 2,27% | 2,33% |
| **5. Комуникации и односи со јавност** | | | | |
| 23. | Навремено сум информиран/а за сите законски измени кои се од интерес на вработените. | 79,50% | 20,50% | / |
| 24. | Комуникацијата меѓу вработените се одвива преку информирање, координирање и заедничко решавање на прашањата во однос на сите подрачја. | 77,20% | 22,80% | / |
| 25. | Училиштето има континуирана соработка со релевантни институции од областа на воспитно-образовната дејност преку посетување на семинари и обуки организирани од МОН и БРО. | 79,50% | 15,90% | 4,60% |
| **6. Училишна клима и култура** | | | | |
| 26. | Училиштето се грижи за здравјето, безбедноста на учениците преку организирање заеднички активности каде до израз доаѓа меѓуврсничката соработка | 95,40% | 4,60% | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 27. | Се чувствувам безбедно на работното место | 77,20% | 22,80% | / |
| 28. | Во училиштето се почитуваат принципите и правилата на однесување кои се пропишани во Етичкиот кодекс на училиштето и Куќниот ред. | 68,10% | 31,90% | / |
| 29. | Постои работна атмосфера и добра соработка меѓу вработените во училиштето која се заснова на взаемна доверба и меѓусебна почит. | 70,40% | 29,60% | / |
| 30. | Идентификувам конфликтни ситуации и помагам на учениците праведно да ги разрешат | 97,70% | 2,30% | / |
| **7. Соработка со родителите и локалната средина** | | | | |
| 31. | Активно комуницирам со родителите преку родителски средби, индивидуални и заеднички, член на Совет на родители. | 95,40% | 4,60% | / |
| 32. | Организирам работилници, проекти и посети надвор од училиштето. | 79,50% | 20,50% | / |
| 33. | Идентификувам ресурси за соработка и соработувам со локалната заедница. | 79,50% | 20,50% | / |
| 34. | Вонннаставните активности во училиштето и успесите кои ги постигнуваат учениците се доволни промовирани во локаната заедница | 88,60% | 11,40% | / |
| 35. | Ја прифаќам поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето. | 100% | | |

**ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ**

**(Самоевалуација 2018)**

**Вкупно анкетирани ученици 147**

**Твојот одговор обележи го со знакот ✓**

| Ред. бр. | | **Се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Не се согласувам** |
|---|---|---|---|---|
| **1. Организација и реализација на наставата и учењето** | | | | |
| 1. | На почетокот и во текот на учебната година, наставниците ме информираат за наставните предмети и содржини кои ќе се реализираат | 89,80% | 7,50% | 2,70% |
| 2. | Училиштето ми нуди интересни воннаставни и слободни ученички активности во кои можам да се вклучам по сопствен избор. | 63,30% | 32,60% | 4,10% |
| 3. | Наставниците ме поттикнуваат да се вклучам во слободните активности, проекти, манифестации, натпревари. | 77,60% | 21,80% | 0,60% |
| 4. | Наставниците на часовите применуваат различни наставни форми, методи, техники и средства за поуспешна реализација на наставните содржини. | 84,30% | 12,20% | 3,50% |
| 5. | Домашните задачи ми се корисни и ми помагаат да постигнам подобри резултати во учењето. | 66% | 28,60% | 5,40% |
| 6. | Имам премногу наставни предмети во наставата | 36% | 41,50% | 22,50% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. Постигања на учениците** | | | | |
| 7. | Од наставниците добивам помош и совети за подобар успех во учењето без разлика на полот, етничка припадност и социјално потекло. | 87,80% | 10,20% | 2% |
| 8. | Наставниците ми даваат поддршка и можност за проширување и продлабочување на моите знаења со организација на часови за додатна настава. | 68% | 29,30% | 2,70% |
| 9. | Наставниците ми даваат поддршка и можност за подобрување на моите знаења со организација на часови за дополнителна настава. | 66% | 31,30% | 2,70% |
| 10. | Наставниците редовно ме информираат и ми даваат препораки за моите постигнувања и напредок во учењето. | 76,20% | 20,40% | 3,40% |
| 11. | Наставниците ме вклучуваат во процесот на оценување на моите знаења | 66,70% | 27,90% | 5,40% |
| **3. Управување и раководење** | | | | |
| 12. | Директорот на училиштето воспоставува добри односи со учениците. | 76,20% | 15% | 8,80% |
| 13. | Училиштето води грижа за безбедноста и сигурноста на учениците во училиштето | 72,80% | 22,50% | 4,70% |
| **4. Комуникации и односи со јавност** | | | | |
| 14. | Имам воспоставено добра комуникација и меѓусебна соработка со моите соученици. | 87,80% | 10,90% | 1,30% |
| 15. | Имам можност за разговор и поддршка од наставниците, педагог и психолог, доколку се соочам со било каков проблем во училиштето. | 81% | 15% | 4% |
| 16. | Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка. | 74,10% | 22,50% | 3,40% |

| **5. Училишна клима и култура** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17. | Се чувствувам безбедно и сигурно во моето училиште. | 73,50% | 23,10% | 3,40% |
| 18. | Најголем број од учениците се совесни, одговорни и се почитуваат меѓу себе. | 36% | 49,70% | 14,30% |
| 19. | Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот,етничката припадност и социјалното потекло. | 68,70% | 21,70% | 9,60% |
| 20. | Ги почитувам принципите и правилата на однесување кои се пропишани во етичкиот кодекс на училиштето и куќниот ред. | 92,50% | 6,80% | 0,70% |
| 6. | **Соработка со родителите и локалната средина** | | | |
| 20. | За афирмирање на воннаставните активности на училиштето потребно е да се користат веб страна на училиштето, веб страна на општината и социјалните мрежи. | 66% | 20,40% | 13,60% |
| 21. | Овозможено ми е промовирање на моите постигања во рамките на училиштето, локално, регионално и државно ниво. | 83,60% | 13,60% | 2,80% |
| 22. | Моите родители од страна на училиштето навремено се информирани за мојот успех , како и за активностите што се однесуваат на работата во училиштето | 83,70% | 14,30% | 2% |

**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ**

**(Самоевалуација, 2018)**

**Вкупно анкетирани 139 родители**

**Вашиот одговор обележете го со знакот ✓**

| Ред. бр. | | **Се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Не се согласувам** |
|---|---|---|---|---|
| **1. Организација и реализација на наставата и учењето** | | | | |
| 1. | Училиштето навремено ме информира за наставните планови и програми што се реализираат. | 81,29% | 14,39% | 4,32% |
| 2. | Училиштето нуди интересни вонnаставни ( слободни) и вонучилишни активности во кои може да се вклучи моето дете | 38,85% | 40,29% | 20,86% |
| 3. | Моето дете со помош и подршка на наставниците учествува на натпревари од повеќе области | 61,87% | 23,74% | 14,39% |
| 4. | Училиштето ги задоволува интересите и желбите на моето дете преку вклучување во разновидни проектни активности, учество во разни манифестации и натпревари. | 51,12% | 35,22% | 13,68% |
| 5. | Моето дете добива домашни задачи кои му помагаат да постигне подобри резултати во учењето | 71,22% | 21,58% | 7,19% |
| 6. | Сметам дека наставниот план и наставните програми одобрени од МОН треба да претрпат измени во однос на обемот и содржините. | 66,91% | 28,06% | 5,04% |
| **2. Постигања на учениците** | | | | |
| 7. | Наставниците преземаат конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците (без разлика на полот, етничка припадност и социјалното потекло) | 77,70% | 17,27% | 5,04% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Наставниците им даваат поддршка и можности за напредок на ученици со посебни образовни потреби ( со потешкотии и надарени ). | 71,22% | 19,42% | 9,35% |
| 9. | Организацијата на дополнителна настава влијае за подобрување на успехот на учениците. | 66,19% | 23,74% | 10,07% |
| 10. | Организацијата на додатна настава влијае за проширување на знаењето на учениците. | 60,43% | 25,18% | 14,39% |
| 11. | Континуирано сум информиран за постигнувањата на моето дете. | 84,89% | 10,79% | 4,32% |
| 12. | Редовно го користам Е-дневникот за да се информирам за наставните содржини, успехот и присуството на наставата на моето дете. | 69,78% | 18,71% | 11,515 |
| **3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** | | | | |
| 13. | Училиштето има обезбедено доволен број наставници кои се соодветно распоредени и ефективни во работата. | 67,63% | 25,18% | 7,19% |
| 14. | Стручните соработници даваат квалитетна поддршка на наставниците, учениците и родителите. | 58,27% | 33,34% | 7,91% |
| **4. Управување и раководење** | | | | |
| 15. | Директорот на училиштето воспоставува добри односи со учениците и родителите | 61,15% | 31,65% | 7,19% |
| 16. | Задоволен/а сум од начинот на раководење и организацијата во училиштето. | 49,64% | 45,32% | 5,04% |
| 17. | Информиран/а сум за поголемиот број на донесени одлуки во училиштето. | 51,80% | 41% | 7,19% |
| 18. | Директорот допринесува за афирмација на угледот на училиштето | 58,27% | 33,09% | 8,63% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5. Комуникации и односи со јавност** | | | | |
| 19. | Училиштето активно комуницира со родителите преку родителски средби, индивидуални и заеднички, Совет на родители, работилници и проекти, организирање на посети надвор од училиштето. | 81,30% | 12,95% | 5,75% |
| 20. | Стручните соработници во училиштето се секогаш отворени за соработка. | 64,75% | 29,50% | 5,76% |
| 21. | За афирмирање на воннаставните активности на училиштето потребно е да се користат информативни средства (веб страна на училиштето и веб страна на општината),медиуми, социјални мрежи. | 83,45% | 13,67% | 2,88% |
| 22. | Советот на родители учествува во носење одлуки и решавање на проблеми во училиштето | 76,26% | 17,99% | 5,75% |
| **6. Училишна клима и култура** | | | | |
| 23. | Училиштето се грижи за здравјето, безбедноста на учениците преку организирање заеднички активности каде до израз доаѓа меѓуврсничката соработка | 64,03% | 23,74% | 12,23% |
| 24. | Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност и социјалното потекло. | 73,38% | 17,99% | 8,63% |
| 25. | Во училиштето се почитуваат принципите и правилата на однесување кои се пропишани во Етичкиот кодекс на училиштето и Куќниот ред. | 71,95% | 21,58% | 6,47% |
| 26. | Училиштето го поттикнува развојот на вештини и самостојност во учењето на учениците. | 64,03% | 23,74% | 12,23% |
| 27. | Училиштето води грижа секој ученик со различни способности или афинитети да биде соодветно поттикнат. | 60,43% | 32,37% | 7,20% |

Салвадор Аљенде 2, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефон/Факс: +389(0)2 3176 404 / +389(0)2 3177 577 e-mail: koco_racin@yahoo.com www.kocoracin.edu.mk


| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 28. | Наставниците редовно ги информираат учениците за нивниот напредок и постигнувања. | 79,14% | 15,82% | 5,04% |
| 29. | Училиштето дејствува во согласност со законските одредби и усвоени начела штитејќи ги учениците од насилство, злоупотреба на дрога и злоставување | 79,86% | 16,55% | 3,60% |
| **7. Соработка со родителите и локалната средина** | | | | |
| 30. | Родителските средби се добро организирани, а информациите за одржување на состаноците се навремено доставени. | 88,49% | 10,07% | 1,44% |
| 31. | Комуницирам со родителите преку родителски средби, индивидуални и заеднички, член на Совет на родители. | 84,17% | 15,11% | 0,72% |
| 32. | Училиштето е отворено за соработка со родителите. | 83,02% | 12,95% | 4,32% |
| 33. | Училиштето превзема активности за да ги вклучи родителите во наставата. | 56,83% | 29,50% | 13,67% |
| 34. | Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето. | 72,66% | 21,58% | 5,76% |
| 35. | Училиштето соработува со повеќе образовни институции од општината и со деловната заедница. | 69,78% | 21,58% | 8,63% |